*Алистер Кроули*

# *Магика без солзи*

## MAGICK WITHOUT TEARS

ТРИМАКС - СКОПЈЕ

## *Содржина*

стр.
ПРЕДГОВОР ........................................9
1. ШТО Е МАГИКА? ................................45
2. ПОТРЕБА ОД МАГИКА ЗА СИТЕ ....................57
3. ХИЕРОГЛИФИ: НЕОПХОДНА СИМБОЛИЧНОСТ
НА ЖИВОТОТ И ЈАЗИКОТ ..........................62
4. КАБАЛА НАЈДОБРИОТ ТРЕНИНГ ЗА
МЕМОРИЈАТА ......................................66
5. УНИВЕРЗУМ. РАВЕНСТВОТО 0 = 2 ..................72
6. ТРИТЕ ШКОЛИ НА МАГИКАТА (1) ...................85
7. ТРИТЕ ШКОЛИ НА МАГИКАТА (2) ...................92
8. ТРИТЕ ШКОЛИ НА МАГИКАТА (3) ...................102
9. ТАЈНИТЕ ПОГЛАВАРИ .............................110
10. ШКОЛА НА ЦРВИТЕ ..............................116
11. НЕЈАСНИ ПОМПЕЗНОСТИ ОД ПОБОЖНИОТ
"УЧИТЕЛ" ........................................120
12. ЛЕВИОТ ПАТ - "ЦРНИТЕ БРАЌА" ..................129
13. СИСТЕМОТ НА О.Т.О. ...........................142
14. ВРЕВА ........................................146
15. СЕКС МОРАЛНОСТ (СО ARTEMIS IOTA) .............150
16. ЗА КОНЦЕНТРАЦИЈАТА ...........................161
17. АСТРАЛНО ПАТУВАЊЕ - КАКО ДА СЕ ИЗВЕДЕ:
КАКО ДА ГИ ПРОВЕРИШ ТВОИТЕ ИСКУСТВА .....165
18. ВАЖНОСТА НА НАШИТЕ ВООБИЧАЕНИ
ПОЗДРАВИ ........................................173
19. АКТ НА ВИСТИНАТА .............................177
20. ТАЛИСМАНИ: ЛАМЕН: ПЕНТАКЛ ...................180
21. МОЈА ТЕОРИЈА ЗА АСТРОЛОГИЈАТА ................184
22. КАКО ДА СЕ НАУЧИ АСТРОЛОШКАТА ПРАКСА ..190
23. ИМПРОВИЗИРАЊЕ НА ХРАМ ........................195
24. НЕКРОМАНТИЈА И СПИРИТИЗАМ ....................206
25. ФАСЦИНИРАЊА, НЕВИДЛИВОСТ,
ЛЕВИТАЦИЈА, ТРАНСМУТАЦИИ,
ЈАЗЛИ ВО ВРЕМЕТО ................................212
26. МЕНТАЛНИ ПРОЦЕСИ - МОЖНИ СЕ САМО ДВА ...222
27. СТРУКТУРА НА УМОТ ЗАСНОВАНА НА
СТРУКТУРАТА НА ТЕЛОТО
(ХЕКЕЛ И БЕРТРАНД РАСЕЛ ) .....................226

28. ПОТРЕБА ОД ДЕФИНИРАЊЕ НА “БОГ”, “СЕБСТВО” ИТН. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .231
29. ШТО Е СИГУРНОСТ? . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .239
30. ДАЛИ ВЕРУВАШ ВО БОГ? . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .246
31. РЕЛИГИЈА ДАЛИ ТЕЛЕМАТА Е “НОВА РЕЛИГИЈА”? . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .249
32. КАКО ВООПШТО МОЖЕ ЈОГИН ДА БИДЕ ЗАГРИЖЕН? . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .252
33. ЗЛАТНАТА СРЕДИНА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .255
34. ТАО (1) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .259
35. ТАО (2) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .264
36. QUO STET OLYMPUS КАДЕ ЖИВЕАТ БОГОВИТЕ, АНГЕЛИТЕ ИТН. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .273
37. СМРТ - СТРАВ - МАГИЧКО СЕЌАВАЊЕ . . . . . . . . . . . . .275
38. ЖЕНА-НЕЈЗИНАТА МАГИЧКА ФОРМУЛА . . . . . . . . .281
39. ПРОРОШТВО . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .291
40. КОИНЦИДЕНЦИЈА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .303
41. ДАЛИ СМЕ РЕИНКАРНАЦИИ НА СТАРИТЕ ЕГИПЌАНИ? . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .310
42. ТАА ИНТРОВЕРЗИЈА НА “СЕБСТВОТО” . . . . . . . . . . .313
43. СВЕТИОТ АНГЕЛ ЧУВАР - НЕ Е ВИШО СЕБСТВО ТУКУ ОБЈЕКТИВНА ЛИЧНОСТ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .320
44. “СЕРИОЗЕН” СТИЛ НА А.К. ИЛИ ОЧИГЛЕДНА НЕСЕРИОЗНОСТ НА НЕКОИ ОД МОИТЕ ЗАБЕЛЕШКИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .325
45. НЕСЕРИОЗНО ОДНЕСУВАЊЕ НА ЕДНА УЧЕНИЧКА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .331
46. СЕБИЧНОСТ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .338
47. РЕИНКАРНАЦИЈА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .343
48. ПОУКИ ОД LIBER AL -ТЕШКИ ЗА ПРИФАЌАЊЕ, А СЕПАК МОРАМЕ ДА СЕ СЛОЖИМЕ . . . . . . . . . . . . . .349
49. ТЕЛЕМИТСКИ МОРАЛ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .355
50. А.К. И “МАЈСТОРИТЕ” ЗОШТО ГО ИЗБРАЛЕ, ИТН. .362
51. КАКО ДА СЕ ПРЕПОЗНААТ МАЈСТОРИТЕ, АНГЕЛИТЕ ИТН., И КАКО ТИЕ ДЕЈСТВУВААТ . . . . .369
52. ФАМИЛИЈАТА: ДРЖАВЕН НЕПРИЈАТЕЛ БРОЈ ЕДЕН . . . . . . . . . . . . . . . .384
53. “МАЈЧИНСКА ЉУБОВ” . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .392
54. ЗА НИСКОСТА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .398
55. ПАРИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .403
56. БРАК - СОПСТВЕНОСТ - ВОЕНА ПОЛИТИКА . . . . . .407
57. СУШТЕСТВАТА ШТО СУМ ГИ ВИДЕЛ СО МОИТЕ ФИЗИЧКИ ОЧИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .410
58. ДАЛИ АНГЕЛИТЕ НЕКОГАШ СЕ ПРЕСЕКУВААТ ПРИ БРИЧЕЊЕТО? . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .417
59. ГЕОМАНТИЈА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .422

60. ВЕШТИНА .....................................427
61. МОЌ И АВТОРИТЕТ .....................................431
62. ЕЛАСТИЧЕН УМ .....................................435
63. СТРАВ: ЛОША АСТРАЛНА ВИЗИЈА .....................................438
64. МАГИСКА МОЌ .....................................451
65. ЧОВЕК .....................................455
66. ВАМПИРИ .....................................457
67. ВЕРА .....................................464
68. БОЖЈИ БУКВИ .....................................469
69. ПРВОБИТЕН ГРЕВ .....................................477
70. МОРАЛНОСТ (1) .....................................482
71. МОРАЛНОСТ (2) .....................................491
72. ОБРАЗОВАНИЕ .....................................497
73. “МОНСТРУМИ”, ЦРНЦИ, ЕВРЕИ. ИТН. .....................................510
74. ПРЕЧКИ НА ПАТОТ .....................................514
75. А.·.А.·. И ПЛАНЕТАТА .....................................521
76 БОГОВИ КАКО И ЗОШТО СЕ ПРЕКЛОПУВААТ .....................................532
77. ИСПЛАТЛИВА РАБОТА: ЗОШТО? .....................................536
78. ЧУВСТВИТЕЛНИ ТОЧКИ .....................................541
79. НАПРЕДОК .....................................551
80. ЖИВОТОТ Е КОЦКА .....................................557
81. МЕТОДИ НА ВЕЖБАЊЕ .....................................561
82. EPISTOLA PENULTIMA
ДВАТА ПАТА КОН РЕАЛНОСТА .....................................566
83. EPISTOLA ULTIMA .....................................569

ТЕЛЕМИТСКИ КНИГИ .....................................577
ИНДЕКС .....................................581

## Предговор

Во 1943.г., Алистер Кроули се запозна со дама, која бидејќи имаше слушнато за неговото големо знаење и искуство, го побара неговото мислење за окултните, спиритуалните и практичните работи.

Оваа случајна врска резултираше со стимулативна размена на писма. Тоа го наведе Кроули да побара други да му поставуваат слични прашања. Резултатот од тоа е оваа колекција од преку осумдесет писма, кои се издадени под насловот што самиот го избра, *МАГИКА БЕЗ СОЛЗИ*.

Кроули не ги зачува копиите од своите претходни писма до горе-споменатата дама, така што не беше во состојба да ги вклучи во колекцијата, која планираше да ја издаде. За среќа тие се зачувани и сега се вклучени во Воведот на оваа книга. Нивната оригинална форма е задржана со формулите на отворање и затворање, кои Кроули ги употребуваше во сите свои писма.

Кроули на почетокот планираше книгата да ја нарече "Алистер Објаснува Сѐ" и го испрати следново циркуларно писмо до своите пријатели и ученици, барајќи од нив да сугерираат теми коишто би требало да бидат вклучени.

АЛИСТЕР ОБЈАСНУВА СЀ

Авторот на *КНИГАТА НА ТОТ* беше многу задоволен што има толку многу писма со благодарности, повеќето од жени, кои му се заблагодаруваат поради "неизразувањето на неразбирлив јазик", поради "правењето на сето тоа толку јасно, што дури и јас со мојата ограничена интелигенција можам да го сфатам, или барем мислам дека можам".

Сепак и покрај тоа, Мајсторот Терион многу години чувствуваше силна потреба за некое основно учење кое би било погодно за оние, кои тукушто ја започнале студијата на Магиката и нејзините помошни науки, или само се интересираат за неа со намера да ја студираат. Секогаш

даваше сè од себе за да ги направи своите намери јасни за просечно интелигентна и образована личност, но дури и оние, кои совршено го сфаќаат и кои целосно ѝ се наклонети на неговата работа, се сложуваат дека во овој поглед тој често не успеваше.

Толку за дијагнозата - сега за лекот!

Еден гениј, вдахновен од боговите, неодамна сугерираше дека загатката би можела да биде решена до определен степен на стариот и добро испробан начин од "Др. Бруеровиот водич во Науката", т.е., преку наведување на аспирантите да му пишуваат на Мајсторот, да поставуваат прашања за проблемите со кои природно се соочува секој чувствителен истражувач и да го добијат неговиот одговор во форма на писмо. "Што е тоа?", "Зошто би требало да ја заморувам својата глава поради тоа?", "Кои се неговите принципи?", "Каква корист има од тоа?", "Како да почнам?" и слично.

Овој план е ставен во акција со идеја темите да се покријат од секој можен агол. Стилот е разговорен и течен, техничките изрази се или внимателно избегнати или најгрижливо објаснети, а писмото не е вклучувано во сериите, сè додека прашувачот не изразил задоволство. Седумдесетина досега напишани писма, изгледа дека сè уште имаат празнини во демонстрацијата, како оние бели места на мапата од Светот, кои изгледаа многу привлечно педесетина години порано.

"Овој меморандум е со цел да ја побара твојата соработка и поддршка. Кон него е додадена листа, која накратко ја покажува темата на секое веќе напишано писмо. Ако мислиш дека некое од овие писма ќе ти помогне околу твоите проблеми, отпечатена копија веднаш ќе ти биде испратена... Ако сакаш да знаеш нешто надвор од делокругот, испрати го твоето прашање (кое треба да биде изнесено колку е можно поцелосно и појасно)...Одговорот би требало да го добиеш, ако нема проблеми, за помалку од еден месец.... Намерата е на крај да се издаде серија од писма во форма на книга".

Ова сега веќе е направено.

Karl J. Germer
Frater Saturnus X°
Frater Superior, O.T.O.

Јануари, 1954.г.
Хамптон, Њу Џерси

## ПИСМА ПИШУВАНИ ОД МАЈСТОРОТ ТЕРИОН ДО ЕДЕН СТУДЕНТ

# Писмо А

19 март 1943

Cara Soror[1],

*Прави што ти е волја и тоа нека биде цел Закон.*

Ми беше многу мило да заклучам од нашиот вчерашен разговор дека сериозно се стремиш да му се посветиш на Големото Дело и тоа со вистински дух. Твојата критика за претходните искуства во текот на твоите авантури се покажа дека е особено разумна и правична. Како што ти ветив, го пишувам ова писмо за да разјаснам неколку практични проблеми за кои немавме време да дискутираме, а кои, во секој случај мислам дека е подобро да ги обработиме по пат на допишување.

1.Од првостепена важност е да го сфатиш мојот став. Не е воопшто погрешно да ме прифатиш како учител, но сигурно е дека тоа може да доведе и до збрка; колега-студент, или ако ти е помило колега-сопатник, е многу посоодветен термин.

Кулминацијата на мојот живот беше она што е познато како Каирско Дело, опишано до најситни детали во *Рамнодневица на Боговите*[2]. Во тоа време најголемиот дел од *Книгата на Законот*[3] беше потполно неразбирлив за мене, а добар дел, посебно третото поглавје, ми беше крајно антипатичен. Се борев против оваа книга со години, но се

[1] прев. *лат*. Драга Сестро.
[2] *The Equinox of the Gods.*
[3] *The Book of the Law.*

покажа дека е неодолива.

Не мислам дека беспричински се фалам кога велам дека моето истражување ми беше од најголема вредност и важност за проучувањето на предметот Магика и Мистицизмот воопшто, особено моето обединување на различните системи на мисли од светот, а посебно моето поистоветување на системот Ји Џинг со Кабалата. Но, те уверувам дека целото мое животно дело, па и илјадапати умножено, не би било вредно за десетина од една единствена реченица од *Книгата на Законот*.

Мислам дека треба да имаш примерок од *Рамнодневица на Боговите* и од *Книгата на Законот* да направиш предмет на константно студирање. Вредноста што можеби ја поседува моето дело, за тебе не треба да претставува ништо друго, освен помош во интерпретацијата на таа книга.

2. Можеби со тек на време ќе сакаш една копија од *Осум лекции за Јога*, затоа оставам настрана еден примерок доколку посакаш да ја имаш.

3. Што се однесува на О.Т.О., верувам дека можам да најдам една скрипта со сите службени документи. Ако ја најдам, ќе ти ја дадам за да ги прочиташ и тогаш ќе можеш да одлучиш дали сакаш да пристапиш кон Третиот Степен на Редот. Ако одлучиш да пристапиш, секако би требало да ја поминеме скриптата со Ритуалите и да ти го објаснам значењето на целата работа; патем ќе ти ја соопштам вистинската тајна и суштинското знаење, кое обичната масонерија не го поседува.

4. Хороскоп; воопшто не сакам да го правам; но тоа е дел од договорот со Големиот Ризничар на О.Т.О., според кој, во случаи вредни за разгледување, треба и тоа да го преземам, ако морам. Претпочитам да го задржам кај себе за да можам да го консултирам во иднина, доколку некој значаен настан го бара тоа.

А сега за една навистина важна работа. Единствената работа, покрај *Книгата на Законот*, која е на чело во секоја битка. Како што ти реков и вчера, од најголема важност е посветувањето, без било какво колебање, на сè што некој е и на сè што некој има, на Големото Дело. Тоа

мора секогаш да се има на ум, а начинот да се направи тоа е праксата на Liber Resh vel Helios, sub figura CC, стр 425-426 во *Магика*. Постои и друга покомплетна верзија на тие Обожувања, но и горниот текст е задоволителен. Битно е да не заборавaш. Би требало да ти ги покажам знаците и гестовите, кои ги следат зборовите.

Исто така, пожелно е пред започнување на секој оброк да поминеш низ следниов дијалог: тропни 3:5:3; и речи: "Прави што ти е волја и тоа нека биде цел закон"; личноста од другата страна на масата прашува: "Што е твоја волја?", а ти: "Моја волја е да јадам и пијам", тој: "Со која цел?", ти: "Да го зајакнам моето тело", тој: "Со која цел?", ти: "За да можам да го изведам Големото Дело", тој: Љубовта е закон, љубов под волја", ти со едно тропнување: "Да почнеме". Кога си сама, направи монолог од ова: тропни 3:5:3 Прави што . . .Што е. . итн. . . . да го зајакнам моето тело . . . да можам да го изведам . . .љубовта е . . .Тропни и почни да јадеш.

Невозможно е да се пренагласи важноста од редовното изведување на овие мали церемонии и треба да се биде што е можно попрецизен во однос на времето на изведување. Не треба да ти пречи да застанеш во средина на сообраќаен метеж, без оглед дали има камиони или не и да ги изведеш Обожувањата; и не треба да ти пречи да го ставиш во незгодна ситуација гостинот или домаќинот, ако тој или таа се покаже дека не го знаат нивниот дел од дијалогот. Можеби токму затоа што изгледаат толку тривијални и безначајни, овие работи овозможуваат одличен тренинг. Тие нè учат на концентрација, будност, морална и социјална храброст и многу други доблести.

Како совршена дама ќе ситничарам до крај. Апсолутно е неопходно да се започне магички дневник и да се води секојдневно. Започнуваш со осврт на твојот живот, одејќи назад дури и пред твоето раѓање, сè до твоите предци. Во согласност со вежбите, кои можеби ќе ги одбереш да ги прифатиш подоцна, дадени во Liber Thisarb, sub figura CMXIII, мораш да најдеш одговор на прашањето: "Како се најдов на ова место, во ова време и како сум вклучена во оваа посебна работа?" Како што ќе видиш од книгата, со

тоа ќе започнеш да откриваш, која си, всушност, ти и можеби ќе дојдеш до оживување на сеќавањата од претходните инкарнации.

Бидејќи ти е тешко да доаѓаш во град, освен во ретки и неправилни интервали, би ти предложил план, кој веќе се покажа успешен, а тој е - по едно писмо во неделата. Елифас Леви го правеше тоа со баронот Спедалиери и таа кореспонденција е едно од најинтересните негови дела. Ти ги поставуваш оние прашања на кои сакаш одговор, а јас ги одговарам најдобро што можам. Се разбира дека ќе додадам некои спонтани забелешки, кои би можеле да бидат поттикнати од некои мои размислувања за твоето напредување и прегледување на твојот магички дневник. А, се разбира, тој треба да биде пишуван само од едната страна, за да може другата да остане слободна за моите коментари, би требало и да се договориме да биде прегледуван во редовни интервали.

*Љубовта е закон, љубов под волја.*
Братски,
666

# *Писмо Е*

4 септември 1943

Cara Soror,

*Прави што ти е волја и тоа нека биде цел Закон.*

"Нека биде" (наместо "Прави што ти е волја е . . ."), а не "е". Види *Liber AL,* I:36,54 i II:54. Не ми се обраќај со "Мајстор Пердурабо": види во *Магика*, стр XXIX. "Care Frater" е доволно.

*777* практично не може да се купи: примерок изнесува 10 £ или така некако. Речиси сите важни кореспонденции се во *Магика*, табела I. Другите две книги веќе ти се испратени. "Разработка на игри со броеви". Жал ми е што не можеш да видиш повеќе од тоа. Кога ќе бидеш подобро опремена, ќе видиш дека Кабалата е најдобро (речиси единствено) средство со помош на кое може да се идентификува некоја интелигенција. А Гематриските методи служат за откривање на духовните вистини. Броевите се сплет на структурата на Универзумот, а нивните релации се начин на изразување на нашето Разбирање на тоа. Во грчкиот и хебрејскиот јазик не постои друг начин на запишување на броевите; нашите 1, 2, 3, итн., доаѓаат преку Арапите од Феничаните. Од грчкиот и хебрејскиот јазик не ти е потребно ништо повеќе освен овие вредности, некои свети зборови (знаењето расте преку употреба) и листа на препорачани книги.

На студентот не може да му се поставaт задачи што се надвор од основите, кои ти ги давам, а оваа кореспонденција ќе се обликува јасно сама по себе. Навистина имаш повеќе работа отколку што можеш да постигнеш. Јас само

можам да ти кажам кои се вистинските задачи од стотина други, според твоите реакции од твоето проучување и вежби.

"Озирис во Аменти" - види ја *Книгата на Мртвите*. Мислев дека би можела да се обидеш да најдеш паралелизам помеѓу неговите патувања и Патот на Иницијација.

Астрално патување - развојот на Астралното Тело е неопходен за истражување; и над сето тоа е, постигнувањето на "Знаење и Разговор со Светиот Ангел Чувар".

Треба да ми го покажеш твоето изведување на Ритуалот на Пентаграм; веројатно правиш грешки. Јас, се разбира, ќе те спроведам внимателно низ О.Т.О. ритуалите до III°, штом ќе станеш прилично запознаена со нив. *Планот* на степените е следен:

0° - Привлекување кон Соларниот Систем.
I° - Раѓање.
II° - Живот.
III° - Смрт.
IV° - "Восхитување".
P.I. - "Анихилација".
V° - IX° - Напредно објаснување на II° со посебно упатување на централната тајна на практичната Магика.

Така тоа нема врска со системот на А.·.А.·. и Дрвото на Животот. Се разбира, сепак постојат некои сличности.

Во однос на твојот предложен метод на учење: си ја сфатила мојата замисла прилично добро. Меѓутоа, никој не може да те "помине низ" Степените на А.·.А.·.. Степените ги *потврдуваат* твоите достигнувања како што се здобиваш со нив; потоа се појавува нова задача. Види во *Една ѕвезда на видикот*.

*Љубовта е закон, љубов под волја.*
Братски,
666

# 1

# *Што е Магика?*

Cara Soror,

*Прави што ти е волја и тоа нека биде цел Закон.*

Што е Магика? Зошто човек да ја студира или практикува? Сосема природно; очигледни воведни прашања за секој предмет. Сигурно е дека мораме сето ова да го направиме кристално јасно; не плаши се дека нема да успеам да ја изнесам целата работа колку што е можно поконцизно, но и целосно, убедливо и луцидно, во рамките на моите можности.

Во секој случај не треба да губам време за да ти кажувам што *не* е Магика; или да ти раскажувам како дошло до тоа овој збор погрешно да се употребува за маѓионичарски трикови и за лажни чуда, кои се изведуваат и до ден денес, без разлика, дали во рамките или надвор од Римската верска заедница, пред празноглавиот собир на побожни имбецили.

Прво, дозволи ми Евклидова метода и закопај го својот нос во Дефиницијата, Постулатот и Теоремите, кои се дадени во мојата обемна (но, за жал! премногу напредна и стручна) Расправа за овој предмет. Да почнеме!

ДЕФИНИЦИЈА.

Магиката е Наука и Уметност за предизвикување Промени во согласност со Волјата.

(Објаснување: Мојата Волја е да го известам Светот за некои факти од моето знаење. Затоа земам “магиски

оружја", перо, мастило и хартија; пишувам "инкантации" - овие зборови на "магиски јазик" т.е, она што можат да го разберат луѓето, кои сакам да ги подучам. Понатаму ги повикувам "духовите" како што се печатарите, издавачите, книжарите и така натаму и ги принудувам да ја пренесат мојата порака на овие луѓе. На тој начин, составувањето и дистрибуцијата е акт на МАГИКА со која предизвикувам Промените да се остварат во согласност со мојата Волја[1]).

II. ПОСТУЛАТ.

СЕКОЈА сакана Промена може да биде постигната со примена на соодветен вид и степен на Сила на соодветен начин преку соодветна средина на соодветен предмет.

(Објаснување: Сакам да подготвам унца Златен Хлорид. Морам да земам соодветен вид на киселина, нитро-хидрохлорна и ниту една друга, во доволна количина и со соодветна Сила и да ја ставам во сад, кој нема да се скрши, да протече или да корозира, т.е кој нема да предизвика несакани резултати, со неопходна количина од Злато, итн. Секоја Промена има свои услови. Според нашата сегашна состојба на знаење и моќ некои промени не се можни во пракса; на пример, не можеме да предизвикаме затемнување на Сонцето, или да преобразиме олово во калај, или да создаваме луѓе од печурки. Но, теоретски е можно во било кој објект да се предизвика било каква промена за која тој објект е способен по природа; а условите се опфатени со горепоменатиот постулат).

III. ТЕОРЕМИ.

Секој намерен акт е Магиски Акт.[2]

(Објаснување: Види ја "Дефиницијата" горе).

2. Секој успешен акт е во согласност со постулатот.

3. Секој неуспех докажува дека еден или повеќе

[1] Кроули. Под "намерен" подразбирам "волен". Но дури и ненамерните чинови всушност не се сосема такви. Така, дишењето е чин на Волјата-за-живот.

[2] Кроули. Во една смисла Магиката може да се дефинира како име дадено на Науката од простиот народ.

услови од постулатот не биле исполнети.

(Објаснување: Можеби има грешка во разбирањето на случајот; исто како што лекарот може да постави погрешна дијагноза и неговото лечење да му наштети на неговиот пациент. Може да има грешка во примената на правилен вид на сила, исто како што селанец може да се обидува да гасне електрична светилка со дување. Може да има грешка во примената на соодветен степен од силата, исто како што борачот има неправилен зафат. Може да има грешка во примената на силата на соодветен начин, исто како што се поднесува чек на погрешен шалтер во банката. Може да има грешка во употребата на правилно средство, како во случајот на Леонардо да Винчи, кога откри дека неговото ремек дело исчезнало. Силата може да биде применета на несоодветен предмет; на пример, човек се обидува да скрши камен, мислејќи дека е орев).

4. Првиот услов за предизвикување на секоја промена е потполно квалитативно и квантитативно сфаќање на условите.

(Објаснување: Најраспространета причина за неуспех во животот е непознавањето на својата Вистинска Волја, или на начинот на кој треба да се изврши таа Волја. Човек може да се замислува себеси сликар и да го потроши животот, обидувајќи се тоа и да биде; или може да биде навистина сликар, а сепак да не успее да го сфати тоа и да ги процени тешкотиите кои се својствени за таа кариера).

5. Втор услов за предизвикување на некоја промена е практичната способност да се постават во правилно движење неопходните сили.

(Објаснување: Банкарот може да има совршен увид во дадената ситуација, а сепак да нема одлучност или финансиски средства, кои се потребни за да ја искористи).

6. "Секој човек и секоја жена е ѕвезда". Со други зборови, секое човечко суштество по природа е самостојна единка со сопствен карактер и сопствено движење.

7. Секој човек и секоја жена имаат пат, кој зависи делумно од личноста, а делумно од околината, која е природна и неминовна за секој. Секој, кој е истиснат од сво-

јот пат, или поради неразбирање на самиот себе, или поради противење од околината, доаѓа во судир со поредокот на Универзумот и поради тоа страда.

(Објаснување: Човек може да мисли дека негова должност е да работи на одреден начин, со помош на вообразена претстава за себеси, наместо да ја истражува својата вистинска природа. На пример, жена може да се унесреќи до крајот на животот, мислејќи дека повеќе сака љубов од општествената положба и vice versa. Некоја жена може да остане со нечувствителен сопруг, а би била навистина среќна на мансарда со љубовникот, додека друга може да прави од себе будала во романтично бегство со љубовникот, кога нејзините единствени вистински задоволства се во водењето на модните активности. Исто така, момчето може инстиктивно да чувствува дека треба да оди на море, додека неговите родители бараат да стане лекар. Во таков случај, тој ќе биде неуспешен и несреќен во медицината).

8. Човекот, чија свесна волја е во судир со неговата Вистинска Волја залудно троши сила. Тој не може да се надева дека успешно ќе влијае на својата околина.

(Објаснување: Кога во некоја земја беснее Граѓанска Војна, таа не е во состојба да преземе инвазија на други земји. Човекот, кој има рак ја употребува својата храна подеднакво за себе и за непријателот, кој е дел од него. Тој наскоро не успева да се спротивстави на притисокот од својата околина. Во практичниот живот, човекот, кој го работи она што совеста му вели дека е погрешно, ќе го прави тоа многу невешто. На почетокот!)

9. Човек, кој ја извршува својата Вистинска Волја е потпомогнат од инерцијата на Универзумот.

(Објаснување: Првиот принцип на успех во еволуцијата е дека личноста треба да биде верна на својата природа и истовремено да се приспособи на својата околина).

10. Природата е непрекинат феномен, оттука не знаеме како работите се поврзани во сите случаи.

(Објаснување: Човечката свест зависи од својствата на протоплазмата, чиешто постоење зависи од безбројните физички услови, кои се својствени за оваа планета; а оваа планета е одредена од механичкиот баланс на целиот материјален Универзум. Потоа, можеме да кажеме дека нашата свест причински е поврзана со

најоддалечените галаксии; па сепак, не знаеме ни како се појавува, од или со молекуларните промени во мозокот).

11. Науката ни овозможува да ја искористиме предноста на континуитетот на Природата преку емпириска примена на одредени принципи, чие заемно дејство вклучува во себе различни видови на идеи, кои се поврзани една со друга на начин што е надвор од нашето сегашно сфаќање.

(Објаснување: Ние сме во состојба да ги осветлиме градовите со практични методи. Ние не знаеме што е свеста и како е поврзана со работата на мускулите; што е електричната енергија и како е поврзана со машините, кои ја создаваат; а нашите методи зависат од пресметки, кои опфаќаат математички идеи, кои немаат кореспонденции со Универзумот што ни е познат[3]).

12. Човекот не ја знае природата на своето битие и својата моќ. Дури и неговата претстава за неговите ограничувања е заснована на искуството од минатото, и секој чекор во неговиот напредок го проширува неговото царство. Затоа не постои причина да се поставуваат теоретски граници[4] на она што би можел да биде, или на она што би можел да го направи.

(Објаснување: Пред две генерации се претпоставуваше дека е теоретски неможно човек некогаш да го осознае хемискиот состав на неподвижните ѕвезди. Познато е дека нашите сетила се приспособени да примаат само бескрајно мал дел од можниот износ на вибрации. Современите инструменти ни овозможија да откриеме некои од овие натсетилни (вибрации) преку индиректни методи, и дури да ги искористиме нивните необични особини за да му служат на човекот, како во случајот со зраците на Херц и Рендген. Како што рече Тиндал, човек може во секој момент да научи да ги перцепира и да ги искористи вибрациите од сите сфатливи и несфатливи видови. Прашањето на Магиката е прашање на откривање и искористување на досега непознатите сили во

[3] Кроули. На пример, изразите "ирационален", "нереален" и "бесконечен".

[4] Кроули. Т.е., освен - можеби - во случајот на логички апсурдни прашања, како оние во кои Схоластичарите расправаат за "Бог".

природата. Знаеме дека тие постојат и не можеме да се сомневаме во можноста на менталните и физичките инструменти, кои се способни да не доведат во врска со нив).

13. Секој човек е помалку или повеќе свесен дека неговата индивидуалност опфаќа неколку редови на постоење, дури и кога тврди дека неговите суптилни принципи се само одлика на промените во неговото физичко тело. Може да се претпостави дека сличен поредок важи за целата природа.

(Објаснување: Човек не ја меша болката од забоболка со гниењето, кое го предизвикува. Неживите предмети се чувствителни на некои физички сили, како што се електричната и термичката спроводливост; но ниту во нас ниту во нив - колку што знаеме - не постои некое директно свесно перцепирање на овие сили. Според тоа, сите материјални појави ги следат незабележливи влијанија; нема причина зошто да не влијаеме на материјата со помош на овие суптилни енергии, како што правиме со помош на нивните материјални основи. Всушност, ние употребуваме магнетна сила за придвижување на железото и сончево зрачење за репродуцирање на слики).

14. Човекот е способен да биде и да користи сѐ што перципира, зашто сето она што го гледа на одреден начин е дел од неговото битие. Така, тој може да го подјарми целиот Универзум за кој е свесен под своја Волја.

(Објаснување: Човекот ја употреби претставата за Бог за да го наметне своето однесување, за да се стекне со моќ над блиските, за да ги оправда своите злосторства и за безброј други цели, вклучувајќи ја и онаа да се реализира себеси како Бог. Тој ги употреби ирационалните и нереални концепции од математиката за да му помогнат при составувањето на механичките направи. Тој ја употреби својата морална сила за да влијае на постапките дури и на дивите животни. Тој го употреби својот поетски гениј за политички цели).

15. Секоја сила во Универзумот е способна да се преобрази во секој друг вид со употреба на соодветни средства. Оттука, постои неисцрпна резерва од секој посебен вид на сила, која може да ни биде потребна.

(Објаснување: Топлината може да биде преобразена во светлина и електрична енергија, ако се користи да ја движи динамо-машината. Вибрациите на воздухот можат да бидат употребени за убивање на луѓе, ако тоа им го наредиме, откако со говор сме им ги разгореле воинствените страсти. Халуцинациите, кои се поврзани со таинствените енергии на сексот, резултираат во постојано продолжување на видот).

16. Примената на секоја дадена сила влијае на сите редови битија, кои постојат во предметот врз кој е применета, без разлика на кој од овие редови е директно влијаено.

(Објаснување: Ако удрам човек со кама, неговата свест, а не само неговото тело, е под влијание на моето дело; иако камата, како таква, нема директна врска со тоа. На сличен начин, моќта од моите мисли може да влијае на умот од друг човек, така што ќе продуцира далекусежни физички промени во него, или кај другите преку него).

17. Човекот може да научи да ја користи секоја сила, така што ќе му служи за остварување на која било цел, користејќи ги гореизнесените теореми.

(Објаснување: Човек може да употреби брич за да води сметка за својот говор, употребувајќи го за да се пресече себеси штом непромислено ќе изусти одреден збор. Тој може да ја постигне истата цел, ако одлучи секој настан од неговиот живот да го потсетува на конкретна работа, правејќи ја секоја импресија почетна точка на поврзани серии од мисли, кои завршуваат на таа работа. Може, исто така, да ги посвети сите свои сили на некоја посебна работа, одлучувајќи да не работи ништо што е во спротивност со тоа и секој чин да го насочи кон остварување на таа работа).

18. Тој може да ја привлече кон себе секоја сила во Универзумот, така што од себеси ќе направи погоден приемник за неа, ќе оствари врска со неа и ќе ги подреди условите за да ја присили нејзината природа да тече кон него.

(Објаснување: Ако сакам чиста вода за пиење, копам бунар на место каде постои подземна вода; ја спречувам да протекува во друг правец; и ги подредувам работите на тој начин за да ги искористам законите на хидроста-

тиката на кои се покорува водата за да го исполнам бунарот).

19. Човечкото чувство за себе како одвоен и спротивставен на Универзумот, е пречка за спроведување на струите на Универзумот. Тоа го изолира.

(Објаснување: Популарниот лидер е најуспешен кога заборава на себе и ја памети само “Каузата”. Користољубивоста доведува до љубомора и расцеп. Кога органите на телото го истакнуваат своето присуство на поинаков начин од тивкото задоволство, тоа е знак дека се болни. Единствениот исклучок е органот за репродукција. Па сепак, дури и во овој случај неговото истакнување носи потврда за незадоволство со себе, бидејќи не може да ја изврши својата функција додека не е надополнет со соодветен орган од друг организам).

20. Човекот може да ги привлече и искористи само оние сили за кои тој е навистина погоден.

(Објаснување: Не можеш да направиш свилено ќесе од уво на маторица. Вистинскиот научник учи од секоја појава. Меѓутоа, Природата е нема за лицемерот; зашто во неа нема ништо лажно[5]).

21. Во суштина не постои граница за обемот на врските на некој човек со Универзумот; зашто штом човек ќе се соедини со некоја идеја, мерката престанува да постои. Сепак, неговата моќ да ја искористи таа сила е ограничена од неговата ментална моќ и капацитет, и околностите од неговата човечка околина.

(Објаснување: Кога човек ќе се вљуби, целиот свет за него станува безгранична и сеприсутна љубов; но неговата мистична состојба не е заразна; неговите другари се или развеселени или вознемирени. Тој на други може да им го пренесе дејството што љубовта го има врз него само со помош на своите умствени и физички особини. Така, Катул, Данте и Свинберн ја направиле својата

[5] Кроули. Не е забелешка ако се каже дека лицемерот е дел од Природата. Тој е “ендотермички” производ, разединет во себе, со стремеж да се распадне. Тој насекаде ќе ги гледа своите особини и така ќе добие сосема погрешно сфаќање за појавите. Повеќето религии од минатото пропаднаа поради тоа што очекуваа Природата да се усогласи со нивните идеали за пристојно однесување.

љубов моќен двигател на човештвото, благодарение на својата моќ да ги изразат своите мисли за темата со музикален и елоквентен јазик. Исто така, Клеопатра и другите луѓе на власт ја обликуваа судбината на многу други луѓе, дозволувајќи љубовта да влијае на нивните политички акции. Магичарот, без разлика колку добро успева во контактирањето со тајните извори на енергија во природата, нив може да ги користи само во обемот што го дозволуваат неговите интелектуални и морални особини. Комуникацијата на Мухамед со Габриел била успешна само поради неговото државништво, воена вештина и возвишеноста на неговата заповед над Арапите. Откритието на Херц на зракот, кој сега го употребуваме за безжична телеграфија било стерилно, сè додека не било рефлектирано преку умовите и волјата на луѓето, кои можеле да ја сфатат неговата вистина и да ја спроведат на дело со помош на механички и економски инструменти).

22. Секоја индивидуа во суштина е доволна на самата себе. Но, таа е незадоволна со себе, сè додека не воспостави правилен однос со Универзумот.

(Објаснување: Микроскопот, колку и да е совршен, е бескорисен во рацете на дивјакот. Поетот, колку и да е возвишен, мора да ѝ се наметне на својата генерација ако сака да ужива во себеси (дури и да се разбере себе), како што теоретски би требало да биде).

23. Магиката е Наука за разбирање на самиот себе и сопствените состојби. Таа е Уметност на примена на тоа разбирање на дело.

(Објаснување: Палката за голф треба да придвижи одредена топка на посебен начин во посебни околности. Niblick треба ретко да се употребува на Т-потпирач, исто како што Brassie не се користи на работ од дупката со песок. Сепак, употребата на секоја палка бара вештина и искуство).

24. Секој човек има неоспорно право да биде она што е.

(Објаснување: Да се инсистира некој друг човек да се покорува на нечии стандарди е злодело, не само врз него, туку и врз себе, затоа што двајцата учесници подеднакво се водени од нужноста).

25. Секој човек мора да се занимава со Магика секојпат кога дејствува или дури и мисли, зашто мислата е вна-

трешно дело чиешто влијание на крајот се пренесува на акцијата, иако во тој момент тоа не мора да изгледа така.

(Објаснување: И најмалото движење предизвикува промени во човечкото тело и во воздухот околу него; тој ја нарушува рамнотежата на целиот Универзум, а неговите последици траат вечно низ целиот простор. Секоја мисла, колку и да е брзо загушена остава трага врз умот. Таа служи како една од причините на следните мисли и се стреми да влијае на секоја следна работа. Играчот на голф може да изгуби неколку јарди со првиот удар, уште неколку со другиот и третиот, може да биде само шест инчи предалеку од дупката; но крајниот резултат од овие ситни незгоди е разликата при целиот удар и така веројатно помеѓу добивањето и губењето на поенот).

26. Секој човек има право, право на самозаштита, да се оствари себеси до крајни граници[6] .

(Објаснување: Функција, која е несовршено изведена не се оштетува само самата себеси, туку и сè што е поврзано со неа. Ако срцето се плаши да чука за да не го вознемири црниот дроб, тогаш дробот гладува за крв и му се одмаздува на срцето со нарушување на варењето, кое пак, го нарушува дишењето од кое зависи здравјето на срцето).

27. Секој човек треба да ја направи Магиката основен принцип на својот живот. Тој треба да ги научи нејзините закони и да живее според нив.

(Објаснување: Банкарот треба да ја открие вистинската смисла на своето постоење, вистинскиот мотив кој го условил изборот на таа професија. Тој треба да го сфати банкарството како неопходен фактор во економското опстојување на човештвото, наместо само како бизнис чии цели се независни од општото добро. Тој треба да научи да ги разликува лажните вредности од вистинските и да не се поведува по случајните движења, туку да

---

[6] Кроули. Луѓето со “криминална природа” едноставно се во судир со своите вистински Волји. Убиецот има Волја за живот; а неговата волја да убива е лажна волја во спротивност со неговата вистинска Волја, затоа што ризикува да биде усмртен од Општеството заради покорноста на својот криминален импулс.

ги разгледа работите од суштинска важност. Таков банкар ќе се докаже себеси како супериорен над другите; зашто тој нема да биде индивидуа, која е ограничена од минливи работи, туку сила на Природата, толку нелична, неделлива и вечна како гравитацијата, трпелива и незапирлива како плимата и осеката. Неговиот систем нема да биде подложен на паника, исто како што законот на Инверзни Квадрати не е нарушен од Изборите. Тој нема да биде загрижен за своите деловни работи, зашто тие нема да бидат негови; и заради оваа причина тој ќе биде во состојба да управува со нив спокојно, со доверба на еден набљудувач кој има бистар ум, со интелигенција, која е незатемнета од лични интереси и моќ несмалена од страст).

28. Секој човек има право да ја оствари својата волја без страв дека таа може да се судри со волјата на другите; зашто, ако тој е на својата вистинска патека, грешка е на другите ако се судираат со него.

(Објаснување: Ако човек како Наполеон навистина е одреден од судбината да владее со Европа, тој не би требало да биде обвинет заради примената на своите права. Би било грешка да му се спротивставиш. Оној што прави така ќе направи грешка кон својата судбина, освен можеби ако за него е неопходно да ги научи лекциите на поразот. Сонцето се движи во вселената без пречки. Поредокот на Природата обезбедува орбита за секоја ѕвезда. Судирот докажува дека некој застранил од својот пат. Но, колку повеќе човек се држи до својот вистински пат, тој дејствува посилно, и толку им е потешко на другите да се вмешаат во неговиот пат. Неговиот пример ќе им помогне да ги најдат своите патишта и да продолжат по нив. Секој човек, кој станува Магичар, им помага на другите да прават слично. Колку поцврсто и посигурно се движат луѓето и колку повеќе таквата работа е прифатена како стандард на моралност, толку е помал судирот и конфузијата, кои го спречуваат човештвото).

Добро, овде завршува Првата Лекција.

Ми се чини дека ова ја покрива основата сосема добро; во секој случај ова е она што имам да го кажам кога

на дневен ред е сериозна анализа.

Меѓутоа, постои ограничена и конвенционална смисла според која зборот може да биде употребен без премногу застранување од горните филозофски позиции. Човек може да рече:

"Магиката е проучување и употреба на оние форми на енергија кои се (а) посуптилни од обичните физичко-механички видови, (б) достапни само на оние, кои се (во една или друга смисла) "Иницијанти". Се плашам дека ова може да звучи прилично *obscurum per obscurius*[7]*;* но ова е еден од оние случаи, веројатно ќе сретнеме многу такви во текот на нашиве истражувања, во кој го сфаќаме, доволно добро за сите практични цели, она што го мислиме, но кое ни избегнува сè поуспешно, колку повеќе се бориме да го дефинираме нивното значење.

Можеме да поминеме уште полошо ако се обидеме да ги разјасниме работите со правење на списоци од настаните во историјата, традицијата, или искуството и класифицирајќи го ова како да е, а она како да не е, вистинска Магика. Граничните случаи би нè збуниле и измамиле.

Но, бидејќи ја спомнав историјата, мислам дека може да помогне ако почнам директно од другиот дел на твоето прашање и да ти дадам краток опис на Магиката од минатото, сегашноста и иднината онака како што е видена од внатре. Кои се принципите на "Мајсторите"? Што се обидуваат да направат? Што правеле во минатото? Кои средства ги употребуваат?

За среќа имам кратка студија, која ја напишал М. Жерар Омон од Тунис пред некои дваесет години, која го покрива овој предмет доволно разумно.

Бев на маки додека го преведував од неговиот француски, се надевам дека не потсетува премногу на старото *traduttore, traditore*[8]. Јас повторно ќе го разгледам, ќе го поделам (како Галија) на Три Дела и ќе го пратам понатаму.

*Љубовша е закон, љубов под волја.*

Братски,

666

---

[7] прев. *лаш.* објаснување на нејасност со нешто што е уште понејасно.

[8] прев. *лаш.* преведувачите се предавници

## 6

# *Трите Школи на Магиката (1)*

Cara Soror,

*Прави што ти е волја и тоа нека биде цел Закон.*

Еве го првиот извадок од ветениот есеј на М. Жерар Омон[1]; изворниот наслов е “Трите Школи на Магиката”. (Немој да се лутиш што не е во форма на лично писмо).

Денес значењето на поимот “Магика” се сфаќа погрешно. Направени се многу обиди да се дефинира, но веројатно најдобрата дефиниција на нашата намера за историско-идеолошко излагање ќе биде оваа: Магиката е Наука за Неизмерното.

Тоа е едно од многуте ограничени одредувања на тој збор; приспособено е на сегашната намера.

Треба особено да се нагласи дека Магиката, која е толку често измешана со популарното сфаќање на религијата, нема никаква врска со неа. Таа е всушност, точна спротивност на религијата; таа е дури и поголем и понепомирлив непријател на религијата од Природната Наука.

Дозволете ни оваа разлика јасно да ја одредиме.

Магиката ги истражува законите на Природата со намера да ги употреби. Таа се разликува од “световната” наука само по тоа што секогаш е понапред од неа. Како што покажа Фрејзер, Магиката е наука во експериментален стадиум; но таа може да биде, а често и е, повеќе од тоа. Тоа е наука, која поради оваа или онаа причина не може да им биде изнесена на непосветените.

[1] Кроули. Малку измени, само малку, беа потребни со текот на времето.

Наспроти тоа, религијата се обидува да ги игнорира законите на природата, за кои смета дека ги создала претпоставена моќ или да ги избегне, повикувајќи се на таа претпоставена моќ. Затоа религиозниот човек е неспособен да разбере што се, всушност, законите на природата. (Тие се генерализирања на редот од набљудуваните факти).

Историјата на Магиката никогаш не била сериозно разгледувана. Првата причина е таа што единствено иницираните, кои се заветувани со молчење, знаат многу за неа; второ, секој историчар говорел за некои повеќе или помалку конвенционални идеи на Магиката, а не за самата Магика. Меѓутоа, Магиката го водела светот уште пред настанувањето на историјата, макар и само заради тоа што Магиката секогаш била мајка на науката. Затоа, од огромна важност е да се направи некој напор, да се разбере нешто од неа; и затоа не е потребно извинување за пишувањето на овој краток преглед на нејзиниот историски вид.

Секогаш постоеле, барем во сржта, три главни Школи на Филозофска пракса. (Го користиме зборот “филозофски” во неговата стара добра автентична смисла, како во фразата “Филозофските Трудови на Кралското Друштво за Унапредување на Знаењето”).

Вообичаено е тие три Школи да се опишуваат како Жолта, Црна и Бела. Прво, потребно е да се предупредат читателите дека тие во ниеден случај не смеат да се мешаат со расните разлики во бојата на кожата; а уште помалку се однесуваат на вообичаените симболи, како на пример: жолти капи, жолти одежди, црна магија, бело вештерство (witchcraft) и слично. Опасноста е уште поголема, зашто овие аналогии се често исто толку залажувачки, колку што е и доказот од нивното испитување.

Овие Школи претставуваат три потполно различни и спротивни теории на Универзумот, а оттука и пракси на спиритуална наука. Магиската формула на секоја Школа е исто толку прецизна како и тригонометриската теорема. Секоја зема за основа одреден закон на Природата, а работата се усложнува поради фактот што секоја Школа во одредена смисла, ги признава формулите на останатите две, само што ги гледа на некој начин како непотполни, секундарни или илузорни. Сега, како што ќе се потврди подоцна,

поради природата на своите постулати Жолтата Школа стои настрана од другите две. Но, Црната и Белата Школа секогаш се повеќе или помалку во активен судир; поради тоа што токму во овој момент тој судир се приближува до кулминација, потребно е да се напише овој есеј. Адептите на Белата Школа сметаат дека денешната опасност за човештвото е толку голема, што се подготвени да ја напуштат својата традиционална политика на молчење, со намера да ги приклучат во своите редови профаните луѓе од сите нации.

Ние поседуваме одреден мистичен документ,[2] кој можеме накратко да го опишеме, заради погодност, како Апокалипса, чии клучеви ги поседуваме благодарение на интервенцијата на Мајсторот, кој се појави во овој Судбоносен миг. Тој документ се состои од низа визии во кои слушаме гласови од разни Интелигенции, чија природа тешко би можеле да ја одредиме, но кои, во најмала рака се надарени со далеку поголемо знаење и моќ од она што сме навикнале да го сметаме за вообичаено за човечкиот род.

Мораме да цитираме извадок од еден од најважните документи. Учењето е претставено, како што е вообичаено меѓу Иницираните, во форма на парабола. Оние, кои постигнале макар и среден степен на просветлување се свесни дека слепата вера на верникот и грубото неверување на оние, кои се потсмеваат во однос на фактите, се само детинштини. Секој настан во Природата, вистински или лажен, поседува спиритуално значење. Тоа и само тоа значење поседува некоја филозофска вредност за Иницираниот.

Ортодоксните не треба да бидат шокирани, а просветлените не треба да чувствуваат презир, кога ќе дознаат дека извадокот, кој имаме намера да го цитираме, е парабола заснована на најнепристојната од библиските легенди, а која се однесува на Ное. Таа едноставно ѝ служи на својата цел заради погодноста на тој Свет Текст.

Следуваат извадоци од Визијата:

"И гласот воскликна: проклет да е оној што ќе ја разоткрие голотијата на Севишниот, зашто тој е пијан од

[2] Liber "CDXVIII" - "The Vision and the Voice", издание со Предговор и Коментари на 666. Thelema Publishing Co., Barstow, California.

виното, кое е крв на адептите. И БАБАЛОН го успала на своите гради, побегнала, оставајќи го гол и ги повикала да се соберат нејзините деца, велејќи: “Дојдете со мене да се исмејуваме на голотијата на Севишниот”.

Првиот адепт ја покрил Неговата срамота со покривач, одејќи наназад и беше бел. Вториот адепт ја покри Неговата срамота со покривач, одејќи настрана и беше жолт. А третиот адепт се исмеа на Неговата голотија, одејќи напред и беше црн. И тоа се трите големи школи на Маговите, кои се исто така тројцата Магичари, кои патувале во Витлеем; а бидејќи не поседуваш мудрост, нема да знаеш која школа преовладува, ниту дали се тие три школи една”.

Сега сме подготвени да ги проучиме филозофските основи на овие три Школи. Меѓутоа, мораме да предупредиме против премногу буквална интерпретација, па дури и на оваа парабола. Би можеле да се посомневаме, од причини, кои ќе станат очигледни во понатамошното истражување на доктрините на Трите Школи, дека оваа парабола ја измислила една Интелигенција од Црната Школа, која била свесна за својата расипаност и сакала да ја претвори во праведност преку алхемијата на нејзиното фалење. Интелигентниот читател ќе забележи подмолен обид да се изедначи доктрината на Црната Школа со видот на црна магија, кој обично се нарекува Дијаболизам. Со други зборови, самата парабола е пример на една крајно суптилна црномагиска операција, а контемплацијата за ваквите замисли не доведува до сфаќање за запрепастувачките змиски постапки на Магичарите. Профаниот читател нека не премине преку овие суптилни работи како да се ништожни глупости. Токму измамата од овој вид ја одредува цената на компирот.

Оваа дигресија веројатно не е толку неоправдана, како што може да се чини по првото читање. Внимателното проучување може да ја открие природата на мисловните процеси, кои обично ги користат тајните Мајстори на човечкиот род за да ја одредат неговата судбина.

Кога сите ќе престанете да се смеете, ќе ве замолам да го споредите реалното дејствување произведено врз

текот на човечката судбина од Цезар, Атила и Наполеон од една страна; и Платон, Енциклопедистите и Карл Маркс[3] од друга.

Жолтата Школа на Магиката ја смета, со потполна научна и филозофска непристрасност, реалноста на Универзумот како факт. Бидејќи и самата е дел од тој Универзум, таа ја сфаќа својата немоќност да ја промени и во најмал степен неговата целина. Вулгарно речено, таа не се обидува да се издигне над тлото, потегнувајќи се за своите чорапи. Поради тоа, таа на феноменот не му спротивставува никаква реакција, било да е омраза или симпатија. Ако дури и се обиде да влијае на текот на настаните, го прави тоа на единствен можен интелигентен начин; тежнее да го намали внатрешното триење.

Останува, значи, во длабока контемплативна состојба. Ако ги употребиме термините на западната филозофија, во нејзиното гледиште постои нешто од стоицизмот на Зенон; или Пиквикијанизмот[4] и ако смеам да го употребам изразот - од Епикур. Идеалната реакција на феномените е совршената еластичност. Поседува нешто од ладнокрвноста на математиката; и поради тоа се чини дека е чесно да се каже, заради елементарната студија, дека Питагора е нејзин најадекватен претставник во европската филозофија.

Меѓутоа, по откривањето на Азиските мисли, не ни е потребно да земаме идеи од втора рака. Жолтата Школа на

---

[3] Кроули. Интересно е да се забележи дека трите најголеми влијанија денес се од овие тевтонски Евреи: Маркс, Херц и Фројд.

[4] прев. Пиквикијанизам - налик на г. Пиквик од Дикенсовите Pickwik Papers, жовијален, дарежлив; погрешно сфатен за да се избегне казна. Г. Пиквик го обвинил г. Блотон дека се однесува на злобен и клеветнички начин, на кое нешто г. Блотон возвратил, нарекувајќи го Пиквик плашило. На крајот се разјаснило дека двајцата се навредуваат во Пиквиковска смисла, а, всушност, се блиски пријатели и имаат голема заемна почит.

[5] Кроули. За несреќа денес сè уште не е објавен превод на "Тао Те Кинг", кој би бил дело на некој од Иницијантите. Сите постоечки преводи се изобличени од луѓе, кои едноставно не го сфатиле текстот. Сепак, релативно точен превод е достапен, но засега единствено во ракопис. Една од целите на ова писмо е да се заинтересира јавноста за тоа дело и за други дела од еднаква вредност, како би станале достапни на јавноста.(Оваа фуснота е застарена. "Тао Те Кинг" е печатен како Equinox III - 8, 1975 e.v. од H.P.S.).

Магиката има свој совршен класичен текст, *Тао Те Кинг*.[5]

Невозможно е да се пронајде религија, која адекватно ја претставува мислата на ова мајсторско дело. Не само поради религијата што како таква е спротивна на науката и филозофијата, туку и поради самата природа на начелото на Жолтата Школа дека нејзините Следбеници не сакаат да се впуштаат во просветлување на толпата луѓе, кои ги сметаат за безнадежни будали.

Истовремено, бидејќи теоријата на религијата сама по себе е ткиво од лаги, единствената вистинска сила на било која религија, потекнува од поткраднувањето од Магиската доктрина; а бидејќи религиозните личности по правило се потполно бескрупулозни, следува дека секоја религија тежнее да содржи делови од Магичката доктрина, украдени повеќе или помалку на среќа од една или друга Школа, во зависност од можностите.

Затоа читателот најсериозно нека се чува од обидите да ги сфати овие работи со помош на примамливите аналогии. Таоизмот има исто толку малку врска со *Тао Те Кинг*, колку што има врска Католичката Црква со Евангелието.

*Тао Те Кинг* застапува свесна неактивност, или подобро несвесна неактивност, со цел да го намали нередот на светот. Неколку цитати од текстот треба да ја објаснат суштината на таа доктрина.

X:3

“Овде е Мистеријата на Доблеста. Тоа создава сѐ и храни сѐ; сепак не се приврзува за нив; изведува сѐ, но не знае за тоа, ниту го разгласува истото; тоа управува со сѐ, но без свесна контрола”.

XXII:2

“Затоа Мудрецот се концентрира на една Волја, а тоа е како светлина за целиот свет. Прикривајќи се, тој свети; повлекувајќи се, тој привлекува внимание; понижувајќи се, тој добива сила да ја оствари својата Волја. Затоа што не се бори, никој не може да му се спротивстави”.

XLIII:1

“Најмеката супстанција ја лови најтврдата.

Несупстанционалноста продира каде што нема отвори. Ова е Доблеста на Инерцијата.

XLIII:2

“Ретки се оние, кои го постигнуваат; чиј говор е Тишина, чие Дело е Инерција”.

XLVIII:3

“Оној што привлекува кон себе сè што е под Небото, го прави тоа без напор. Оној што прави напор не е способен да привлече”.

LVIII:3

“Мудрецот е четириаголен и избегнува агресија; неговите агли не нанесуваат повреда на другите. Тој се движи по права линија и не скршнува од неа; тој блеска, но не заслепува со својот сјај”.

LXIII:2

“Заврши ги големите работи додека се мали, тешките работи додека се лесни; зашто сите работи, колку и да се големи и тешки имаат почеток кога се мали и лесни. Така, мудриот човек исполнува најголеми задачи не преземајќи нешто значајно”.

LXXVI:2

“Така крутоста и тврдоста се знаци на смртта; еластичноста и приспособливоста на животот”.

LXXVI:3

“Затоа, не е победник оној кој ја истакнува својата сила; слично како што цврстото стебло може да биде урнато”.

LXXVI:4

“Затоа, крутото и тврдото имаат пониско место; на мекото и еластичното местото им е на врвот”.

Засега, мислам дека е доволно наведено за овој дел од есејот.

*Љубовта е закон, љубов под волја.*

Братски,

666

# 7

# Трите Школи на Магиката (2)

Cara Soror,

*Прави што ти е волја и тоа нека биде цел Закон.*

Надевајќи се дека закрепна од разорните откритија во врска со Жолтата Школа, морам да побарам од тебе да се сместиш поудобно заради уште пострашни откритија во врска со Црната Школа. Не мешај го тоа со Црната Ложа или со Црните Браќа. Терминологијата е незадоволителна, но не ја измислив јас. А сега, на работа!

Црната Школа на Магиката во никој случај не смее да се меша со Школата на Црна Магија или Волшебништвото (Sorcery), кои се искривувања на Белата традиција; Црната Школа на Магиката во основа се разликува од Жолтата Школа по тоа што не го набљудува Универзумот како неутрален, туку како проклетство. Нејзината основна теорема е “Првата Благородна Вистина” на Буда: “Сè е Страдање”. Кај примитивните класици на оваа Школа, идејата на страдање се меша со идејата на гревот. (Оваа идеја на универзално оплакување е веројатно одговорна за изборот на црната како нивна симболична боја. Но сепак? Зар не е белата кинеска боја за оплакување?).

Филозофите од оваа Школа секоја појава ја припишуваат на страдањето. Потполно е бескорисно да им се укажува дека одредени настани се проследени со радост: тие продолжуваат со своите немилосрдни проценки и докажуваат на твое задоволство, или повеќе незадоволство,

дека колку е навидум поубав некој настан, толку е неговата привлечност позлобна и полажлива. Постои само еден можен начин на бегство, а тој е многу едноставен - анихилација. (Површните критичари на Будизмот изгубија голем дел од глупавата остроумност, обидувајќи се да докажат дека Нирвана или Нибана се разликува од она што го одредува комбинацијата од етимологија, традиција и доказите од класиците. Зборот има прилично едноставно значење - престанување; и се подразбира само по себе, дека ако сѐ е страдање, тогаш единствената работа, која не е страдање е ништо и дека бегството од страдањето е достигнувањето на ништожество.)

Западната филозофија понекогаш се приближува на ова учење. Таа, конечно тврди дека ниедна позната форма на постоење не е ослободена од страдање. Хаксли во својата “Еволуција и етика” вели: “Страдањето е ознака на сите видови суштества кои чувствуваат”.

Природно, филозофите на оваа Школа, сакајќи да го поправат злото од корен, ја истражуваат причината на ова постоење, кое е страдање и веднаш доаѓаат до “Втората Благородна Вистина” на Буда: “Причината за Страдањето е Желбата”. Тие продолжуваат со бесконечно поврзување на причините, чиј конечен корен е незнаењето. (Не ја бранам логиката на оваа школа, јас само го изнесувам нивното учење). Практичен исход на сето ова е, дека секој чин истовремено е и двете: и неизбежност и злосторство. Морам да вметнам дигресија за да објаснам како збрката на мислите непрекинато се повторува во ова учење. Тоа е дел од црнилото на Незнаењето, кое тие допуштаат да биде основа на нивниот Универзум. (Конечно, секој има право да поседува сопствен Универзум, на начин што му одговара).

Бидејќи оваа Школа е природно изопачена, не е толку оддалечена од конвенционалните религии, како што се Белата и Жолтата. Всушност, најпримитивните фетишистички религии можат да се сметаат за прилично верни претставници на оваа филозофија. Таму каде што преовладува анимизмот, “врачот” го именува тоа универзално зло и бара да го умилостиви со човечка жртва. Раните форми на Јудаизмот и оној вид на Христијанство, кој

го поврзуваме со Војската на Спасот, Били Сандеј и Фундаменталистите од зафрлените краеви на Америка, се доволно едноставни примери на религија, чија суштина е одоброволување на злобниот демон.

Кога светлината на интелигенцијата ќе почне нејасно да зазорува низ многуте магли, кои се надвиснати над овие дивјаци, го достигнуваме вториот стадиум. Смелите духови собираат храброст да тврдат дека злото, кое е толку очигледно, на некој таинствен начин е илузија. Тие така ја враќаат назад целата сложеност на страдањето на една причина; т.е. на појавата на горенаведената илузија. Тогаш проблемот добива конечна форма: Како да се уништи таа илузија.

Прилично очигледен пример на првиот степен од овој вид на мисли може да се најде кај *Ведите*; а вториот во *Упанишадите*. Но, одговорот на прашањето: “Како да се уништи таа илузија на злото?” зависи од еден друг теориски став. Можеме да претпоставиме дека Парабрахман е бесконечно добар итн., итн., итн., при што сметаме дека уништувањето на илузијата на злото е во повторното соединување на свеста со Парабрахман. Несреќниот дел од овој нацрт на работите е што во стремежот за дефинирање на Парабрахман со намера да се врати Неговата чистота, подоцна или порано се открива дека Тој не поседува воопшто никакви квалитети! Или поинаку, со зборовите на фармерот - кога му покажале слон рекол: “Не постои такво животно”. Гаутама Буда ја уочил бескорисноста од чепкањето во тој имагинарен дебелокожец. Ако Парабрахман навистина е ништо, им рекол на Хинду филозофите, тогаш зошто да не се држиме до нашето првобитно сфаќање дека сѐ е страдање и да признаеме дека единствен начин за бегство од страдањето е да се стигне до ништожеството?

Многу едноставно можеме да ја комплетираме целата традиција на индискиот полуостров. На *Ведите*, *Упанишадите* и Будистичките *Трипитаки* мораме само да им ги додадеме *Тантрите* од т.н. Вамачарји Школи. Може да звучи парадоксално, но Тантристите во суштина се најнапредни од Хиндусите. Нивната теорија во својата филозофска суштина е примитивен стадиум на Белата традици-

ја, затоа што есенцијата на Тантричките култови е дека со изведување на одредени Магиски ритуали не само што ја избегнуваме несреќата, туку и дека постигнуваме благослов. Тантристот не е опседнат со волјата за смрт. Несомнено тешка работа е да се извлече некоја радост од постоењето; но конечно тоа не е невозможно. Со други зборови, тој стриктно ја негира основната поставка за постоењето како страдање и го формулира суштинскиот постулат на Белата Школа на Магиката за смислата на постоењето, при што универзалното страдање (навистина очигледно во сите обични набљудувања) може да биде демаскирано, слично како и во иницијацискиот ритуал на Изида во древните денови на Кем[1]. Таму Неофитот под присила ја пружа својата уста кон напрчениот задник на Мендесовиот јарец (the Goat of Mendez) и наоѓа како го милуваат чистите усни на девствената свештеница од Изида, а на подлогата од нејзиниот олтар пишува дека Ниеден човек не го подигнал нејзиниот превез.

Причината на Црната филозофија не е невозможно да се открие дека лежи и во самите климатски услови, со резултирачкото стагнирање на популацијата во млитава, жестока, слабокрвна, грозничава и кастрирана состојба на човечката душа. Затоа пронаоѓаме малку вистински еквиваленти на оваа Школа во Европа. Во Грчката филозофија нема трага од ваквата доктрина. Отровот во својата најлоша и најпакосна форма дошол дури со Христијанството[2]. Но сепак, може да се најдат малку навистина значајни луѓе, кои би ги прифатиле сериозно аксиомите на песимизмот. Хаксли наспроти сите негови свирки во молски тонови бил еупептичен[3] Ториевец. Климаксот на Црната Школа го наоѓаме само кај Шопенхауер, а него можеме да го сметаме за опседнат, од една страна со очајувањето произлезено од погрешниот скептицизам, кој го научи од пропаста на Хјум и Кант; од друга,

[1] прев. Khem - Египет
[2] Кроули. Антисемитските писатели од Европа - на прим. Вајнингер, ја нарекуваат Црната теорија и пракса Јудаизам, додека, поради чудна збрка, истите идеи англосаксонците ги нарекуваат Христијански. Во 1936 год. школата на Нацизмот започна да го проучува ова.
[3] прев. еупептичен - оптимистички настроен, весел.

заради директната опседнатост со будистичките документи, во кои имаше увид меѓу првите во Европа. Беше, така да се каже, доведен до самоубиство од сопствената суета, што е чудна паралела со Кирилов од романот *Опседнати* на Достоевски.

Имаме, меѓутоа, многу примери на религии, кои потекнуваат речиси исклучително од Црната традиција во различни стадиуми. Веќе ги спомнавме Евангелските култови со нивниот суров ѓавол-бог, кој го создава човештвото за да ужива во неговото проколнување и да го присилува да ползи пред него, додека тој воскликнува со пијана радост над агонијата на својот единствен син[4]. Во ист кош мораме да ја ставиме и Христијанската Наука (Christian Science), која толку гротескно се плаши од болката, страдањето и злото од секој вид, што нејзините будали не можат да помислат ништо друго, освен глупаво да ја порекнуваат вистината на сето тоа, со надеж дека ќе се хипнотизираат до анестезија.

Практично ниеден западен човек го нема достигнато третиот будистички стадиум на Црната традиција. Толку далеку со силогизмите можеле да одат само изолираните мистици и оние луѓе, кои со презирно покорување се приспособуваат на стандардите на најблиската религија, која најмалку ќе ги попречува во нивната потрага за ништожеството.

Документите на Црната Школа на Магика се веќе навестени. Тие се, во најмала рака, крајно здодевни и одвратни за секој човек со здрав разум, сепак, одвај може да биде негирано дека такви книги, како *Дамапада* и *Стариот Завет* се врвни дела на книжевноста. Тие ја прикажуваат агонијата на човечкото очајување во нејзиниот краен степен на интензитет, а меланхоличната контемплација предизвикана од нивното проучување не е корисна за она расположение, кое треба да ја води секоја вистински храбра интелигенција до одлуката за бегство од оковите на Црниот Учител кон раширените раце на Белата Господарка на Животот.

Да го напуштиме мрачниот лик на Шопенхауер и да тргнеме кон мистериозниот сјаен лик на Спиноза! Овој

4 Кроули. Христијанството на почетокот било Еврејски комунизам, сличен на Марксизмот.

филозоф, макар само заради својот Пантеизам, претставува сосема добра основна теза на Белата традиција. Прво, мораме да забележиме дека Белата традиција одвај може да се најде надвор од Европа. Таа прво се појавува во легендата за Дионис. (Во врска со тоа прочитај го внимателно “Аполон и судбината” од Браунинг).

Египетската традиција на Озирис не е различна на тоа. Главната идеја на Белата Школа е дека, доколку прифатиме дека за профаните “Сѐ е страдање”, тогаш иницијантот поседува начин тоа да го претвори во “Сѐ е радост”. Овде не постои прашање на ноевско игнорирање на фактите, како во Христијанската Наука. Не постои дури ниеден, повеќе или помалку софистициран аргумент за таа точка на гледиште, кој би ја променил ситуацијата, како кај Ведантизмот. Наспроти тоа, историски речено, ние имаме став, кој можеби пред сите го дефинирал Зороастер: “Природата нѐ учи, а Пророштвата исто така потврдуваат, дека дури и најлошите бацили на Материјата можат да станат корисни и добри. Немој да стоиш над бездната оптоварен со талогот на Материјата, зашто постои место за твојот Лик во вечно сјајно царство. Ако го прошириш својот Огнен Ум до побожност, ќе го сочуваш своето променливо тело”[5].

Се чини дека Левант[6], од Византија и Атина, до Дамаск, Ерусалим, Александрија и Каиро, бил преокупиран со формулацијата на оваа Школа во популарна религија, почнувајќи од деновите на Август Цезар. Зашто постојат елементи на оваа централна замисла во делата на Гностиците, во одредени ритуали, кои Фрејзер соодветно ги нарекува Азиатски Бог, како и во остатоците на Древниот Египетски култ. Учењето станало одвратно изопачено во одборот, така да го наречеме, и резултат било Христијанството, кое може да се смета за Бел ритуал обложен со куп од Црна доктрина, слично на детето од онаа мајка, чија тужба Кралот Соломон ја одбил.

---

[5] Кроули. Овој извадок изгледа дека директно укажува на Формулата од IX$^0$ на О.Т.О. и на подготовката на Еликсирот на Животот.

[6] прев. Левант - архаичен назив за источниот дел на Медитеранот заедно со островите и соседните земји, Блискиот исток и Египет.

Со едноставни зборови можеме да ја дефинираме доктрината на Белата Школа во нејзината чистота.

Постоењето е чиста радост. Страдањето е предизвикано поради неможноста да се сфати овој факт; но тоа не е несреќа. Измисливме страдање (кое конечно и не е од толку големо значење) за да можеме да почувствуваме изобилно задоволство кога ќе се ослободуваме од него. Постоењето, значи, е сакрамент.

Адептите од Белата Школа ги гледаат нивните браќа од Црната, исто како што аристократскиот англиски Сахиб (во времето кога Англија беше нација) гледаше на заостанатиот Хиндус. До тој степен и Ниче ја изразува филозофијата на оваа Школа со прилична точност и сила. Човекот, кој го обвинува животот само се одредува себеси како човек којшто не му е дораснат на животот. Храбриот човек ужива во задавањето и примањето на тешки удари и храбриот човек е радосен. Скандинавската идеја за Валхала можеби е примитивна, но е мажествена. Христијанското популарно сфаќање на рајот; Будистичкото несвесно мирување; па дури и сензуалното уживање кај Муслиманите, кај него побудуваат одвратност и презир. Тој сфаќа дека единствената вредна радост е радоста на непрекината победа, а самата победа би станала здодевна и питома ако не е зачинета со подеднакво непрекинати порази.

Најчистите документи на Белата Школа се наоѓаат во Светите Книги на Телемата. Учењето е дадено со извонредно совршенство и во книгата *Срцето Обвиено со Змија*, Liber LXV) и во книгата *Lapis Lazuli* (Liber VII). Еден извадок е доволен за да ја објасни формулата.

*7. Уште повеќе, здогледав визија на река. Во неа беше мал брод; а во него под пурпурните едра беше злапна жена, слика на Аси искована во најчисто злато. А реката беше од крв и бродот од блескав челик. Потоа ја љубев; и, губејќи го својот колан, се фрлив во реката.*

*8. Се вратив во малиот брод и ја љубев многу денови и ноќи, палејќи прекрасен темјан пред неа.*

*9. Да! Ѝ дадов од цветот на мојата младост.*

*10. Но, таа не се возбуди; само ја извалкав со своите бакнежи, така што се претвори во црнило пред мене.*

*11. Сепак, ја обожував и ѝ дадов од цветот на мојата младост.*
*12. Така се случи таа притоа да се разболи и да овене пред мене. Речиси ќе се фрлев во реката.*
*13. Тогаш, при назначениот крај нејзиното тело беше побело од млечните ѕвезди, а нејзините усни румени и топли како залезот на сонцето, а Животот нејзин бела жештина како жештината на највнатрешното сонце.*
*14. Тогаш таа стана од безднатата на Вековното Сонување и нејзиното тело ме прегрна. Се топев целиот во нејзината убавина и среќен бев.*
*15. Реката исто стана река Амрита, а малиот брод беше кочија од месо, а неговите едра беа крв од срцето, кое ме роди, кое ме роди.*

(Liber LXV, глава. II)

Дури и во световната литература ја наоѓаме оваа доктрина од Белата Школа на Магиката:

О Буда! зарем никаде не можеш да потпреш
стожер за Универзумот?
Мора ли сите работи подеднакво да се исповедаат,
а промените само при клетва одекнуваат?

Се заветувам во сето блаженство од синилото
дека мојата Фрине со својата пудра на себе,
Подеднакво е лажна - и исто толку вистинита
како и твојот одвратен скелет.

Секој според својот вкус: ако повеќе го сакаш
ова гнасно размислување за Гниењето;
Јас тоа го нарекувам Растеж и помило станува
од сите денски волшепства.

Ти не би ја задевал Дорин,
Зашто нејзината убавина венее,
Зашто ги знаеш работите валкани,
Кои ја прават смртна девојка.

Ако нејзиното труло тело беше мое,
ќе го земев како моја природна храна,

Отфрлајќи сè, освен Божественото
Подеднакво во зло и во добро.
Аспасија може да ме измами,
А Лаис болест да ми навлече.
Но, дали биле тие бедни задоволства ил горки спогодби?
Јас Диоген ќе го презирам.

Следи ја својата мечта доволно далеку!
Зашто на крајот сигурно при Бога доаѓаш.

Така, во оваа Школа нема обиди да се негира дека Природата, како што рече Зороастер, е "фатална и зла сила"; но Природата, така да речеме е "Првата Работа на Делото", кое треба да се претвори во злато. Радоста е функција на нашиот удел во оваа алхемија. Поради оваа причина ги наоѓаме најхрабрите и највешти адепти како намерно ги истражуваат најодвратните елементи на Природата за да може нивната победа да биде уште поголема. Формулата очигледно е бестрашна храброст. Таа ја изразува идејата на виталност и мажественост во својата најдинамична форма.

Единствена религија, која воопшто одговара на Белата Школа е онаа од стариот Египет; а веројатно и Халдејската религија. Бидејќи тие се Магиски религии во строго техничка смисла. Нивната религиозна компонента е занемарлива. Доколку постои, постои само за неиницираните.

Меѓутоа, постојат траги од почетни влијанија на оваа Школа кај Јудаизмот и Паганизмот. Постојат, исто така, одредени документи од чисто грчки дух, кои носат траги од тоа. Тоа е она што тие го нарекуваа Теургија.

Христијанската религија во својата наједноставна суштина, со идејата на преовладување на злото преку Магиска церемонија - Распетието, изгледа на прв поглед дека е добар пример на Белата традиција; но идејата за гревот и покајувањето, одвратно ја извалкала со Црнило. Постојат, меѓутоа, одредени Христијански мислители, кои презеле храбар и логичен чекор да го сметаат злото како направа од Бог за увежбување на радоста од борбата и победата. Ова е секако, совршена Бела доктрина; но се смета за најопасен од ересите (Послание до Римјаните VI: 1, 2, итн.).

Суштината на сето тоа е во следното. Мисата сама по себе е типично бел ритуал. Нејзината намера е грубата материја директно да се претвори во Божество. Заради тоа, ова е главна операција на Талисманската магија. Но, влијанието на Црната Школа ја нагризало таа идеја со теолошки додатоци, од една страна метафизички, а од друга празноверни, толку потполно, што Вистината е практично замаскирана.

За време на Реформацијата наоѓаме јалов обид да се отстрани Црниот елемент. Протестантските мислители дадоа сè од себе за да се ослободат од идејата на гревот, но набргу се увидело дека таквиот напор може да доведе само до противречности; и тие сфатија дека тоа сигурно ќе ја уништи религиозната идеја како таква.

Католичкиот и Протестантскиот мистицизам направија следен чекор за да го ослободат Христијанството од темниот облак на неправедноста. Тие ги здружија силите со Суфистите и Ведантистите. Но, тоа одново доведе до чисто порекнување на реалноста на злото. Оддалечувајќи се така, малку по малку, од јасното сфаќање на фактите на Природата, нивната доктрина стана само теоретска и постепено исчезнуваше, додека молскавичниот облак на гревот не се вгнездил повеќе од било кога.

Најважниот од сите напори на Белата Школа, од егзотерично гледиште, е Исламот. Во неговото учење постои понекоја блага дамка, но многу помалку отколку кај Христијанството. Тоа е мажествена религија. Таа им гледа на фактите во очи и го признава нивниот ужас; но таа предлага тие да се надвладеат само со човечност. За несреќа, метафизичките концепции на нејзините квазисветовни школи се грубо материјалистички. Кај Суфистите, единствено пантеизмот ја елиминира концепцијата на покајувањето; а во пракса, Суфистите се премногу блиску поврзани со Ведантистите за да би се држеле до реалноста.

Тоа е сè засега.

*Љубовта е закон, љубов под волја.*

Братски,

666

## 8

# Трите Школи на Магиката (3)

Cara Soror,

*Прави што ти е волја и тоа нека биде цел Закон.*

Патувањето беше долго, се надевам не премногу здодевно; но конечно пристаништето е на повидок.

Нашиот Есеј се приближува кон крајот; теоријата на Животот, кон која се стреми иницијацијата.

Ајде да продолжиме!

Во историјата постоеше само едно движење, чија цел беше да ги организира одвоените адепти од Белата Школа на Магиката и тоа движење е потполно неповрзано со религијата, освен што им даде поттик на реформаторите на Христијанската црква. Неговиот повик воопшто не беше упатен на сите луѓе. Тоа само нудеше да отвори врски и да комуницира за одредени практични тајни на мудроста, со изолирани научници низ цела Европа. Ова движење е општо познато како Розенкројцерство.

Зборот побудува секаков вид од жални кореспонденции; но адептите од тој Ред никогаш не се грижеле заради употребата на нивното име во шарлатански цели, ниту поради нападите, кои против нив ги впериле завидливите критичари. Навистина, тие толку мудро ги прикривале своите активности, што некои научници од површен вид изјавувале дека такво движење никогаш не постоело, дека тоа било вешта шега, која влијаела на љубопитноста од лековерниот Среден Век. Во краен случај, сигурно е дека од времето на објавувањето на оригиналните објави не се изне-

сени никакви службени публикации. Главните тајни се одржале неповредени. Во текот на последниве неколку години, тие објавија приличен број на документи, иако не под свое име, заради кризата, која ѝ се заканува на цивилизацијата, а за која ќе говориме подоцна.

Не постои добра причина, дури и да е дозволено, да се расправа за природата на основата на научното достигнување, кое е срж на доктрината на тоа Друштво. Потребно е само да се нагласи дека неговото совпаѓање со алхемијата е еден вистинит факт, за кој било дозволено да се прочуе; затоа што Розенкројцерот, како што е покажано од неговиот централен симбол, на гол крст на кој направил розата да цвета, се занимава примарно со духовна и физиолошка алхемија. Земајќи како “Прва Материја на Делото” неутрална или инертна супстанција (таа е секогаш опишана како најобична и најбезвредна работа на земјата и може навистина да означува било која работа), тој намерно ја труе, доведувајќи ја до степен на трансмутација, кој е општо наречен Црн Змеј и продолжува да работи на тој вирулентен отров, сè додека не постигне теоретски најголемо совршенство.

Случајно имаме речиси прецизна споредба со оваа операција во модерната бактериологија. Наизглед безопасните бацили на болеста се одгледуваат, сè додека не станат илјадапати поотровни отколку на почетокот и од таа култура се подготвува вакцина, која е делотворен лек против сите можни пустошења од тој вид на микроорганизми.

Обврзани сме да ги изложиме, можеби во подолга форма, доктрините на трите Школи. Задачата, колку и да е здодевна, потребна е за да се објаснат, со разумна луцидност, нивните врски со светот, кој го водат тие нивни идеи; односно, да се објасни природата на нивните политички активности.

Жолтата Школа, во согласност со својата доктрина на совршено еластична реакција и немешање, се држи општо речено, потполно настрана од сите такви прашања. Одвај можеме да ја замислиме доволно заинтересирана за било кој настан за да реагира агресивно. Таа се чувствува доволно силна, успешно да се справи со било кое нешто што

може да се појави: но генерално кажано, чувствува дека било која замислена акција од нејзина страна повеќе би го зголемила отколку да го намали злото.

Таа гледа отстрана, донекаде со презир, на вечниот судир на Црната Школа со Белата. Истовремено, меѓу Жолтите адепти постои одредено чувство дека, ако една од овие Школи биде уништена, резултатот веројатно може да биде дека победникот порано или подоцна ќе ја сврти својата ослободена енергија против нив самите.

Меѓутоа, во согласност со нивниот општ план на недејствување, како што е изразено во *Тао Те Кинг*, за справувањето со злото пред да стане премногу силно за да биде опасно, од време на време, тие благо се вмешуваат за да ја одржат рамнотежата.

За време на последните две генерации, Мајсторите на Жолтата Школа биле приморани да го забележат прогресивното уништување на Белите адепти. Христијанството, кое имаше барем некаква сличност на Белата формула, е пред својата вистинска смрт, во агонија на распаѓање. Материјалистичката наука ја надвладеа верата и надежта на Христијаните (тие никогаш не поседувале некое милосрдие, кое би било надвладеано) со демонстрирање на страдање, минливост и сурова безнадежност на Универзумот. Голем бран на песимизам ја проголта тврдината на Човековата душа.

Тоа беше навистина смртоносен удар за адептите од Белата Школа, кога Науката, нивниот близок пријател на кој му веруваа, се сврте против нив. Токму поради тој сплет на околности, Жолтите адепти го пратија во западниот свет гласникот, Хелена Петровна Блаватска, со одредена задача, да ги уништи од една страна, грубите Школи на Христијанството, а од друга, да го искорени материјализмот од Физичката Наука. Таа ги направи неопходните врски со Едвард Метленд, Ана Кингсфорд и со тајните претставници на Розенкројцерското Братство, кои безуспешно се обидуваа да ги пренесат егзотеричните формули на Белата Школа во рацете на Студентите.

Не е наше на ова место да го проценуваме степенот на успех кој таа го постигна со своето пратеништво; но во

секој случај денес гледаме дека Физичката Наука продира до духовните основи на материјалните феномени. Делата на Анри Поанкаре, Ајнштајн, Вајтхед и Бертранд Расел се доволен доказ за тоа.

Христијанството, исто така, падна на пониско и посрамотно ниво од било кога. Сфаќајќи дека е на смртна постела, тоа направи крајно самоубиствен чекор и се фрли во смртниот грч на Првата Светска војна. Тоа беше премногу изопачено за да реагира на инјекциите од Белата формула, кои можеа да го спасат. Денес гледаме дека Христијанството е богомолски позатапено и пооддалечено од реалноста од било кога. Во некои земји црквата повторно стана напаст и мачител.

Со злобна веселба адептите на Црната Школа ги набљудуваа овие крволочни напади. Но, Црната Школа направи и нешто повеќе. Таа мирно ги распореди своите сили и ги подготви за да ги расчистат урнатините од бојните полиња. Моментно (1924 e.v.) е предадена на својата главна задача, да ги прогони мажествените раси од нивното духовно царство. (Грчот сè уште /1945 e.v./ продолжува; забележи ги добро прогерманските извици на англиканските свештеници и интригите на Ватикан).

Црната Школа секогаш работела подмолно, со предавство. Не треба да бидеме изненадени кога ќе откриеме дека најистакнат претставник била отпаднатиот следбеник на Блаватска, Ани Безант и дека таа била задолжена од своите Црни Мајстори со задача да го наговори светот да прими за свој Учител негроиден Месија. За да биде понижувањето покомплетно, избрано е бедно суштество, кое на најодвратните морални квалитети им додало најглупава слабоумност. А тогаш сè се распадна!

Ова е, значи, сегашната воена ситуација помеѓу Трите Школи. Не можеме да претпоставиме дека човештвото е толку расипано за да го прифати Кришнамурти; а сепак, тоа што таква шема можела да биде воопшто замислена е симптом за речиси беспомошна декаденција на Белата Школа[1]. Црните адепти се фалат отворено дека три-

[1] Кроули. Белешка: Овој извадок е напишан 1924 e.v. Мајстор Терион се подигна и го смачка. Она што изгледаше како закана, сега одвај е само спомен.

умфирале вдолж целата линија. Нивната формула ги уништи сите позитивни квалитети. Има само еден чекор до степенот кога уништувањето на целиот живот и мислите ќе се појави како судбоносна нужност. Материјализмот и животниот скептицизам на сегашното време, побеснетата трка за задоволство со целосно занемарување на било каква замисла за изградба на иднината, сведочи за состојба на потполн морален неред и беда на духовната анархија.

Белата Школа така беше парализирана. Се сеќаваме на пајакот, кој го опишува Фабре; кој вшприцува отров во своите жртви и ги парализира, но не ги убива, така што неговото младенче може да има свежо месо. А тоа е она што ќе им се случи на Европа и на Америка, освен ако некој нешто не преземе околу тоа, и да преземе во многу скоро време.

Жолтата Школа не можеше да остане рамнодушен набљудувач на тие гадости. Мадам Блаватски беше само претходник. Тие во соработка со Тајните Водачи од Белата Школа во Европа (Водачи, кои беа приморани да ги запрат сите обиди на егзотерично просветлување, заради општиот морален дебилитет, кој ги зафати расите од кои тие ги црпат своите адепти), подготвија водич за човештвото. Овој човек со екстремна морална сила и возвишеност, споена со длабоко чувство за световната реалност, истапи напред, обидувајќи се да ја спаси Белата Школа, да ја рехабилитира нејзината формула и да ги исфрли од бастионот на моралната слобода врескачките варвари на песимизмот. Доколку неговиот повик не се слушне, доколку не дојде до мажествена реакција против ползечката атрофија што ги труе и доколку не се подредат до последен човек по неговиот стандард, големата одлучна битка ќе биде изгубена.

Овој пророк на Белата Школа, кој го избраа Мајсторите на таа Школа и нивните браќа, за да ја спаси нивната теорија и пракса, е вооружен со меч кој е далеку поможен од самиот Екскалибур. Нему му е доверена нова Магиска формула, која може да ја прифати целиот човечки род. Нејзиното прифаќање ќе ја зајакне Жолтата Школа и ќе ѝ даде позитивна вредност на нивната теорија; оставајќи ги постулатите на Црната Школа недопрени, што ќе ги надмине и ќе ја подигне нивната теорија и пракса, речиси до

нивото на Жолтите. А што се однесува до Белата Школа, ќе ја прочисти од отровот на Црната и ќе ја врати силата на нејзината клучна формула на духовна алхемија, давајќи му на секој човек еден независен идеал. Тоа ќе го прекине моралното кастрирање, кое е вклучено во претпоставката дека секој човек, без оглед каква природа има, треба да се негира самиот себе за да следи некој фантастичен и неостварлив идеал на добрина. Покрај тоа, оваа формула ќе ја спаси Физичката Наука, така што ќе го направи занемарливо очајувањето поради бескорисноста и животниот скептицизам, кој ја кастрирал науката во минатото. Таа покажува дека радоста на егзистенцијата не е во целта, зашто тоа навистина е недостижно, *туку во самото движење.*

Овој закон се нарекува Закон на Телема. Сумиран е во четири збора: “Прави што ти е волја”.

Не е потребно да се објаснува дека разбирањето на оваа порака не може да биде постигнато со брзоплето испитување. Неопходно е таа да се испита од секој агол, да се анализира со најостра филозофска проникливост и конечно да се примени за секој проблем што постои, било да е внатрешен или надворешен. Овој клуч ако се користи вешто ја отклучува секоја брава.

Од најдлабок аспект, најголемата вредност на оваа формула е тоа што таа дава, за првпат во историјата, основа за помирување помеѓу трите големи Школи на Магиката. Таа ќе настојува да го изрази вечниот судир преку разбирањето дека секој вид на мисли се одвива на свој начин и дека развива сопствени карактеристични квалитети без настојување да се вмешува во формулите на другите, колку и да се тие (површно гледано) спротивни на нејзината формула.

Она што е вистинито за секоја Школа, подеднакво е вистинито и за секоја личност. Успехот во животот, според Законот на Телема, подразбира строга самодисциплина. Секое суштество, како што нè учи и биологијата, мора да напредува по пат на строго приспособување на условите на организмот. Ако желбата е причина за страдањето, како што тврди постојано Црната Школа, сè уште можеме да го избегнеме таквиот заклучок по пат на Законот на Телема. Значи, неопходно е да не копнееме по некои фантастични идеали, кои се потполно несоодветни за нашите реални

потреби, туку да се открие вистинската природа на овие потреби, тие да се исполнат и да се радуваме на тоа.

Овој процес е она што навистина се смета под иницијација; со други зборови, движење во самиот себе и внатрешно помирување, така да се каже, со сите сили, кои таму ги наоѓаме.

Забрането е овде да се расправа за природата на *Книгата на Законот*, Светиот Спис на Телема. Дури и по 40 години темелно и стручно испитување, таа останува во голем степен мистериозна; но она малку што го знаеме за неа е доволно да се покаже дека таа е возвишена синтеза на сите Науки и сите етики. На темел на оваа Книга човек може да постигне степен на слобода за која досега не е ни помислено дека е можна, духовен развој потполно надвор од сè она што е познато; а она што уште повеќе треба да се нагласи, таква контрола на надворешната природа, која ќе ги направи фалбациските достигнувања на минатиот век да бидат само детски подготовки за неспоредливо моќно човештво.

Некои велат дека Законот на Телема се однесува само на елитата од човештвото. Без сомнение постои вистина во тврдењето дека само највозвишените можат во потполност да придобијат од извонредните можности кои тој ги нуди. Во исто време, “Законот е за сите”. Секој според својот степен може да научи да ја сфаќа природата на своето битие и да ја развива во слобода. На тој начин Белата Школа на Магиката може да го оправда своето минато, да ја спаси својата сегашност и да ја осигура својата иднина, гарантирајќи му на секое живо суштество живот на Слобода и Љубов.

Вакви се значи, зборовите на Жерар Омон. Не треба да ја пренесувам секоја реченица; но целото излагање е толку мајсторско во својата збиеност, напнатата енергија, што е неспоредливо со било кој документ кој ми е на располагање; мислам дека е најдобро да ти го дадам во неговата оригинална форма, со оние неколку измени, кои станаа потребни со текот на времето.

*Љубовта е закон, љубов под волја.*
Братски, 666

P.S. Нашата Школа ја спојува Крвта црвена како рубин со златото на Сонцето. Таа ги поврзува најдобрите одлики на Жолтата и Белата Школа. Со јасното излагање на М. Омон, ова е лесно да се разбере.

За нас секој феномен е Чин на Љубов. Секое искуство е нужно, тоа е Сакрамент и средство за Развиток. Според тоа, ”постоењето е чиста радост” (AL,II: 9). “Празнување секој ден во вашите срца во радоста на мојот занес! Празнување секоја ноќ за Ну и задоволство на крајната екстаза!” (AL,II:42,43).

Апсорбирај го ова добро!

13

# Системот на О.Т.О.

Cara Soror,

*Прави што ти е волја и тоа нека биде цел Закон.*

Ме известуваш дека Ревносен Истражувач од твојата околина те замолил да му ја објасниш разликата помеѓу А.·.А.·. и О.Т.О.; и дека иако твојот ум е совршено бистар околу тоа, сметаш дека е невозможно да се индуцира слична луцидност во неговиот ум. Додаваш дека тој не е идиот (како што би можело отпрвин да се претпостави). И дали јас можам да сторам нешто околу тоа?

Па, овде е есенцијалната разлика *ab ovo usque ad mala*[1]: А.·.А.·. се однесува на поединецот, неговиот развој, неговата иницијација, неговото чекорење од "Студент" до "Ипсисимус"; тој нема никаков контакт со ниедна личност, освен со Неофитот, кој го воведува, а кога ќе стане самиот Неофит, со Студентот или Студентите, кои тој ќе ги воведува.

Деталите на овој "Аџиски Прогрес" се потполно изнесени во *Една ѕвезда на видикот*; треба да сум навистина глупав и дрзок, па да се обидам подобро да објаснам од тој документ. Меѓутоа, што се однесува до О.Т.О., вистина е дека не постои сличен прирачник со инструкции. Во Манифестот и во другите Службени Објави постојат нешта, што би требало да се адекватни податоци; но потполно сфаќам дека не се средени, класифицирани, како што би

[1] прев. *лат.* од јајце до јаболка т.е од првото до последното јадење на римскиот ручек; од почетокот до крајот: Хорациј.

сакале; сигурно е дека сè уште постои простор за едноставен основен приказ на потеклото на Редот, неговите принципи, методи, форми, Доблеста на последователните Степени. Тоа ќе се обидам да го изнесам барем во основни црти.

Да почнеме од почеток. Што е Драмски Ритуал? Тоа е свеченост за Доживувањата на Богот, којшто планираме да го повикаме. (Совршен пример на ова е Бакхе од Еврипид). Значи, во О.Т.О. целта на церемониите е Иницијацијата на Кандидатот, па според тоа, Кандидатот е тој, чиј Пат во Вечноста е прикажан во драмска форма.

Каков е Патот?

1. Егото е привлечено кон Соларниот Систем.
2. Детето искусува Раѓање.
3. Човекот искусува Живот.
4. Тој искусува Смрт.
5. Тој го искусува Светот над Смртта.
6. Целиот овој циклус од Сингуларни Настани е вовлечен во Анихилација.

Во О.Т.О. овие последователни фази се прикажани, како што следува:

1. $0^o$ (Минервал).
2. $I^o$ (Иницијација).
3. $II^o$ (Посветување).
4. $III^o$ (Преданост).
5. $IV^o$ (Перфекција или Егзалтација).
6. P.I. (Потполн Иницијант).

Од овие Настани или Станици на Патот сите, освен три ($II^0$) се единствено критично искуство. Меѓутоа, ние главно се занимаваме со многуте разновидни искуства на Животот.

Според тоа, сите следни Степени на О.Т.О. се разработување на $II^0$, зашто е невозможно во една церемонија да се скицира, дури и во најзбиена форма, Учењето на Иницијантите во однос на Животот. Поради тоа Ритуалите $V^0$ - $IX^0$ се упатства за однесување на Кандидатот;

а тие постепено му пренесуваат Магиски Тајни, кои го прават Мајстор на Животот.

Неумесно е да се открие природата на овие церемонии; прво, затоа што нивните Иницијанти се обврзани со најстроги заклетви да не го направат тоа; второ, затоа што изненадувањето е еден од елементите во нивната ефикасност; и трето, затоа што Магиските Формули, кои се експлицитно или имплицитно содржани во церемониите, од практична гледна точка, се моќни и опасни. Точно е, тие се автоматска заштита; но првокласен Црн Магичар може да најде начин за да ги совлада овие пречки и да направи големи штети на другите, пред да го уништи повратниот удар од неговата артилерија.

Такви случаи ми се познати. Дозволи ми кратко да прераскажам една мошне очигледна несреќа. Младичот беше гениј - и тоа беше неговата пропаст. Тој поседуваше талисман со енормна моќ, кој се покажа дека е токму тоа што ќе му ги исполни најдрагите желби на срцето. Нему, исто така, му беше познат начинот на негово активирање; но тој начин му изгледаше прилично долг и тежок. Така, тој го одбра пократкиот пат. Употребувајќи вистинско силеџиство врз талисманот, тој увиде како може да го присили за да ги оствари неговите намери; тој употреби формула потполно туѓа на духот на целата операција; тоа наликуваше на извлекување информации од затвореник преку тортура, додека стрпливата љубезност би била правилен метод. Така тој ја урна портата и го доби она што го сакаше. Но, дури го испиваше пехарот, нектарот се претвори во отров и неговото претходно патење се претвори во апсолутно очајување. Потоа дојде до враќање на струјата и го доведе до “мало ментално растројство”. Најпрецизна дијагноза!

Те молам забележи, сестро драга, дека вистинската Магиска Операција никогаш не е “спротивна на Природата”. Таа мора да се одвива рамномерно и мирно во согласност со Нејзините закони. Човек може да воведе надворешни енергии и насилно да предизвика ендотермна реакција; но - “Врвот на Пајк или пропаст?” - Одговорот секогаш ќе биде Пропаст!

Да се вратиме за момент до прашањето за Тајноста:

не постои правило, кое би те спречило да наведеш против мене, една од моите паметни забелешки, како што е: “Таинственоста е непријател на Вистината”; но затоа сум, а и отсекогаш сум бил, лидер на крајната Левица во Советот-Комората на Градот на Пирамидите, така што, иако се согласувам со тајноста на системот на О.Т.О., сè додека е во прашање “тајната над тајните” на $IX^0$ степен, тоа навистина е работа на лична чест. Мојот завет му беше даден на покојниот Frater Superior и О.Н.О, Д-р Теодор Ројс. Поради сето тоа, во овој посебен случај, не се работи за обична претпазливост; поради тоа што злоупотребата на тајната, барем наизглед, е многу лесна и примамлива и затоа што ако тоа стане општопозната работа, самиот Ред може да биде клеветен и прогонуван; зашто таа тајна полесно е погрешно да се протолкува, отколку да се профанизира.

Lege! Judica! Tace!

*Љубовта е закон, љубов под волја.*

Братски,

666

# 46

## *Себичност*

Cara Soror,

*Прави што ти е волја и тоа нека биде цел Закон.*

Себичност? Мило ми е што те наоѓам како ја глодаш таа коска, зашто има многу месо на неа; убаво сочно месо, а не некое од она твоето смрзнато аргентинско или кантербериско јагнешко месо. Уште повеќе, тоа е карлична коска; бидејќи на некој начин целокупната структура на Телемитската етика е базирана на неа; Овде има одредена опасност; зашто тоа прашање е стапица за благородните, великодушните и возвишените души.

"Несебичноста", големата особина на Мајсторот на Храмот, самата суштина на неговото достигнување, не е противречна, па ни спротивна на себичноста, туку е во потполност хармонична со неа (да не кажеме пријателска).

*Книгата на Законот* може многу да ни каже за тоа, а таа не ги избира своите зборови.

"Прво текстот, проповедта потоа" како што вели поетот.

AL, II: 18, 19, 20, 21:

"*Тие се мртви, тие луѓе; тие не чувствуваат. Ние не сме за бедните и тажните: господарите на земјата се нашите роднини*".

*"Зар Бог да живее во пес? Не, но највисоките се од нас. Тие ќе се радуваат, нашите избрани: кој тагува не е од нас"*.

*“Убавината и моќта, полетната смеа и пријатниот копнеж, силата и огнот, се од нас”.*

*“Ние немаме ништо со отфрлените и неспособните: нека умрат во својата беда. Оти тие не чувствуваат. Сочувството е порок на кралевите: згази ги бедните и слабите: тоа е закон на силните: тоа е наш закон и радост на светот . . .”*

Тоа ги зацврстува нашите правила со одмазда!

(Забележи “тие не чувствуваат”, двапати е повторено. Тука мора да е сокриено нешто важно за нашата теза).

Пасусот станува поегзалтиран, но подоцна повторно ја прифаќа темата, изложувајќи ја филозофската основа на тие забележливо агресивни и арогантни забелешки.

“. . .Тоа е лага, таа лудост против себството. . . .”(AL II, 22).

Во оваа работа е клучната доктрина на Телемата. Што би требало да подразбираме под тоа? Дека тој имбецилен и одвратен култ на слабост, кој некои го нарекуваат демократија, е крајно погрешен и лош.

Да ја разгледаме работата. (Прво консултирај AL, II: 24, 25, 48, 49, 59, и III: 18, 58, и 59. Би можело да дојде до збрка ако ги наведам тие текстови во целина; но овозможуваат подлабок увид во работата). Зборот “сожалување” во својата прифатена форма (којашто е лоша етимологија) подразбира дека си добар другар, додека оној другиот е бедник; односно го навредуваш со своето сожалување над неговите проблеми. Меѓутоа, “Секој маж и секоја жена е ѕвезда”, и немој тоа да го правиш! Треба кон секого да се однесуваш како кон Крал од ист ранг, како што си и ти. Но, секако девет од десет луѓе тоа не би можеле да го поднесат ниту една минута; тие се плашат од самиот факт дека се однесуваш со почит кон нив; нивното чувство на помала вредност е огорчено и зајакнато; и тие истрајуваат во самопонижувањето. Тоа ги става таму кај што се. Тие те присилуваат да ги третираш како кучиња, што и се; и така секој е среќен!

*Книгата на Законот* мака мачи за да го изрази правилниот однос на еден "Крал" кон друг. Кога се бориш со него "Како браќа борете се!" Тука го имаме стариот витешки вид на борба, кој, со воведувањето на разумот во работата, стана во овој момент невозможен. Разумот и Емоциите, тоа се двајцата најголеми непријатели на етиката на Телемата. Тие се традиционалните пречки кон успехот во Јогата и Магиката.

Во пракса, во секојдневниот живот таа несебичност постојано се појавува. Не само што твојот Кралски брат го навредуваш со твојата "благородна жртва", туку речиси и сигурно тоа ќе биде во спротивност со неговата Вистинска Волја. "Милосрдието" секогаш значи дека, благородната душа што го нуди, всушност е длабоко долу, каде што се обидува да го зароби примателот со својата животинска дарежливост!

Во реалноста, повторувам дека тоа е секогаш работа на точка на гледиште. "На овој кутар човек изгледа дека пристојна вечера не би му штетела", и му дофрлаш ситнеж. Ти со тоа ја навредуваш неговата гордост, го осиромашуваш и правиш вистински никаквец од себеси, додека заминуваш восхитена од среќа што си го направила своето добро дело за денес. Тоа е потполно погрешно. Во таков случај, ти би требало да бидеш таа, која ќе замоли за помош и ќе речеш дека "умираш од желба да разговараш со некого и дали би бил толку љубезен да ти се придружи на ручек" во Риц, или каде било што сметаш дека ќе се чувствува најсреќно.

Кога ќе бидеш во состојба да направиш такво нешто, како што и би требало, без ограничување, лажен срам, со целото твое срце внесено во тие зборови, тогаш направи го тоа спонтано и едноставно. Да заклучиме: тогаш ќе се најдеш на патот, кој води кон кралската република, која е идеал на човечкото друштво.

*Љубовта е закон, љубов под волја.*

Братски твој,
666

P.S. Дозволи да истрајам на тоа дека “сожалувањето”, речиси секогаш е замка. Тоа е психичка утеха за страв, “сожаливиот човек” навистина е вреден за сожалување! Тој го префрла на другиот својот страв од нешто што може да му се случи; зашто тој е таква кукавица, која ни на сон не може да се осмели да се соочи со својот страв!

P.P.S. По еден ден откако го напишав ова писмо дојдов до копија од книгата на Греам Грин “Министерството на Стравот” - по долга потрага по неа. Тој укажува на тоа дека сожалувањето е зрела, возрасна емоција; адолесцентите не го чувствуваат; ако направеше уште еден чекор напред ќе го достигнеше мојот став и ќе го напишеше ова што го изнесов. Сожалувањето е близнак на “моралната одговорност” и на чувството на грев или вина. Еврејската легенда за Рајот и “Падот” е со јасна конструкција. Но, запомни дека змијата Нехеш נחש (N+Ch+Sh=358) е еквивалент на Месија משיח (M+Sh+Y+Ch=358). Буквата М е “Обесениот човек”, грешникот; кој се искупува со воведувањето на Фалусното божество.

P.P.P.S. Една забавна коинциденција. Токму кога го дотерував ова писмо, госпоѓата, којашто ја ангажирав да ми помогне во дел од мојата работа ме разлути толку што мојот бес стана така срцепарателен и ова село нема никогаш повеќе мирно да спие како досега. Тој се издигна до небесниот свод и го расцепи на повеќе места; и иако невидливите поправувачи веднаш се впуштија во работа, сепак се чувствува дека никогаш нема да биде целосен како порано.

А зошто? Само поради нејзината плашливост да си угоди! Таа ме праша дали може да направи нешто; одговорив “Да”; а тогаш почна да ме моли за моја согласност, објаснувајќи ми зошто ѝ било барањето, извинувајќи ми се затоа што воопшто е жива!

Таа не може да сфати дека сè што требаше да направи е да се обиде да си угоди (на својот највисок дел) за да биде сигурна дека и јас сум потполно задоволен.

P.P.P.P.S. “Но, заветот на A.·.A.·. ; зар не си ти - јас - сите ние овде за да ја подобриме расата, без оглед колку ќе нè чини тоа нас самите?”

Чиста себичност дете мое, која вклучува и предвидување! Сакам пристојно место за живот кога ќе се вратам во следната инкарнација. А и поголем избор на првокласни тела за моето Дело.

## 52

# Фамилијата: Државен непријател Број Еден

Cara Soror,

*Прави што ти е волја и тоа нека биде цел Закон.*

Во твоето претходно писмо зборуваш за “притисок од фамилијата”.
Ужасен збор, фамилија! И самата негова етимологија го обвинува за сервилност и стагнација.

Латински, ”famulus”, слуга; Оскански “Faamat”, престојува, живее.

Речиси и го заслужува третманот што го добива во таа озлогласена блискост-
Лимерик[1]:

Си беше еднаш една дама по име Емилија,
Којашто не беше разбрана од нејзината фамилија,
Додуша беше малку џимрија,
Па главата на нејзината фамилија
Лика и прилика и најде во една ‘ртка од Вемб’илија.

Се уплашија да не им изроди некое монструмче,
Та да донесе голем срам за нивната фамилија,
Затоа главата на фамилијата проповед ѝ прочита,
А Ѓаволот низ оџак фати фит-фиделија!

Зборот би требало да има повеќе самопочит!

---

[1] прев. Вид шеговита песна со 5 строфи.

Помисли само какви страшни слики предизвикува во свеста. И не само Викторијанската фамилија; онаму каде што фамилијата е силна, отсекогаш таа била извор на тиранија. Така, слабите членови на заедницата охрабрени од својата бројна надмоќност се наоѓаат обединети во законот на толпата во заедничката цел - уништувањето на генијот. Се разбира, човек треба да биде од добра фамилија за да направи нешто што воопшто и вреди да се направи, но што да се каже кога се поставува прашањето на Големото Дело?

Целата сила на фамилијата се базира на фактот што се грижи само за фамилијата како таква, па според тоа, нејзината магичка формула, вака насочена, неизбежно се спротивставува на една таква индивидуална цел, како што е Иницијацијата.

А таа пак, од своја страна, има сличен однос кон фамилијата.

Во секој Магички, или сличен на него систем, првиот услов што Аспирантот мора неизбежно да го исполни е, еднаш засекогаш да ја остави својата фамилија надвор од својот магички круг.

Дури и Евангелијата цврсто и јасно инсистираат на ова. Самиот Христ (кој и да е тој што се посочува со ова име), бездушно се одрекнува од својата мајка и од своите браќа (Лука VIII, 19). И не само тоа, туку и неговото учење го прави зависно од потполното одрекување од сите семејни врски. Тој не би му дозволил на човек да присуствува и на закопот на сопствениот татко!

Дали магичката традиција е нешто потолерантна?

Никако!

Единствениот сериозен гримоар од Средниот Век е *Книгата на Светата Магија на Магот Абрамелин*. Тој отворено говори за ова. Тој е толку “попустлив”, што фамилијата ја смета за најсериозната пречка во изведувањето на Операцијата, и ги наведува вистинските психолошки причини зошто е тоа така.

Ти и самата го потврдуваш тоа со својот остар и пригоден израз: “притисок од фамилијата”. Така и е.

Мислам дека под “фамилија” се подразбира тело составено од личности со заеднички интереси, кои очеку-

ваат или сакаат да ги споделат. Училиштето, факултетот, воената единица, голф-клубот, бизнисот, партијата, државата, секоја од овие институции нема да гледа со благонаклонетост на твоето ангажирање во активности, кои ним им се непознати. Ова посебно се однесува на самата фамилија, бидејќи нејзиното влијание е многу силно и упорно. Тоа започнало да се манифестира уште со твоето прво плачење; твојата личност намерно е притискана и деформирана за да одговара на фамилијарниот код; нивната зоологија е неадекватна до тој степен, што се уверени дека нивното Грдо Пајче е Црна Овца. Но, и за ваква Будала може да се најде место, особено во Црквата и Армијата, каде што послушната некомпетенција е од непроценлива важност и сигурен клуч за напредување.

Проклети да се! Секогаш ни стојат на патот.

Дури векови откако некој од нив ќе умре, тој сѐ уште ја практикува својата гнасна вештина, а ти си сѐ помалку во можност да се одбраниш од ударите на Раката на Мртовецот, бидејќи (и покрај сѐ!) има толку многу од него во тебе. Понекогаш се појавува како некој вид на туѓа свест; иако не си му должна на ниеден начин за твојата физичка конституција и за многу од твоите корисни доблести - мора да му се оддаде признание што не те оптоварил со костоболка, ревматизам, туберкулоза или некоја друга чума - сепак, ти самата сакаш да си ги водиш работите без подземна струја на критицизам, или дури активно вмешување преку други во твојата првенствена преокупација со Големото Дело.

Сѐ уште немам откриено некој мој предок како ми го краде вискито, како што не опоменуваат рекламите, но . . . никогаш не се знае! Како и да гледаш на тоа, тој секогаш има некакво влијание врз тебе, добро или лошо, така што имаш право кога негодуваш.

Во Браминската каста, јога-аспирантот си поставува правило да ги исполни своите обврски кон фамилијата и кон Државата. Кога еднаш дефинитивно ќе ги заврши; тој ги прекинува врските и станува Санјаси. Многу Махараџи и Везири, а да не говориме за помалку одговорните луѓе, ги планираат нивните животи од најраните денови за носење на светата Врвка како Брахмачарји, со вакви внимателно

одмерени амбиции, што кога ќе дојде вистинскиот момент за него, тој исчезнува во џунглата. . . другото е Тишина.

Прилично солиден план, но само доколку се има доверба во Општата Теорија. Меѓутоа, што станува со нас, Белците, кои ете, не ги сметаме Ведите за “наши” свети списи, барем не во таа закоравена смисла којашто уште на почеток толку природно му одговара на надежниот Брамин; а што се однесува на “нашите” - Зошто наши? - свети списи, ниедна интелигентна личност веќе не ги зема сериозно. Некои луѓе весело продолжуваат да делкаат и обликуваат Спасител според нивниот лик; други пак, го прецедуваат текстот и замесуваат една симболичка интерпретација, која повеќе или помалку е задоволителна - како што може да се направи од било која група на легенди. Но, ваквите изуми нè оставаат без Признаен Авторитет, а без тоа никој не планира да се коцка со животот. Така, Патеката на луѓето со духовен интегритет започнува со апсолутен скептицизам. Нашите методи мора да бидат исклучиво индуктивни.

Реков ли “да се коцка со животот”? Да, реков. Ако има воопшто некоја вистина во сè што постои, ако има некаква смисла на животот, на Природата како таква; тогаш има едно нешто, нешто што е првенствено над сè друго: тоа е да се открие кои сме, всушност, ние и кој е нашиот неминовен Пат.

Алтернативата на Големото Дело е збрката на дисперзијата, на јаловоста или неповрзаните бесмислици.

Најблиската и најочигледната пречка во изведувањето на ова Дело е Фамилијата. Нејзината дрскост се манифестира со тоа што таа очекува сите да потклекнат пред нејзините приоритети.

Во немирите што се одвиваа во Русија по Октомвриската Револуција, Генералот Деникин, кој се обидуваше повторно да го стави паднатиот Хампти-Дампти[2] на ѕидот, ги зароби старите родители на Лав Троцки во непријателската команда и витешки му

[2] прев. Humpty-Dumpty - дебела, гломазна личност; еднаш превртен предмет или човек, кој не може да се поправи. Потекнува од крајот на 18 век, од јајцевидниот карактер Humpty-Dumpty, кој паднал од ѕид и не можел да се состави.

телеграфира да ги повлече неговите трупи на одредени позиции, зашто инаку ќе ги стрела. Троцки одговори “Пукај!”

Поентата на оваа приказна е во тоа што се надевам дека ќе ти одговори на твоето прашање: “Вашиот став кон фамилијата е толку цврст и јасен; зошто тогаш не инсистирате од вашите ученици да започнат со домашен холокауст?”

Зошто? Затоа што голем број од моите почетни искачувања на карпи беа на Мостобран. Прашај ме нешто потешко!

Види, варовникот го содржи секој можен елемент на опасност, гледано од позиција на планинарот, кој го искачува гребенот. И сета слава за оној што ќе го усоврши тоа!

Битен дел на Розенкројцерскиот систем е дека Адептот треба “да ги носи облеките од земјата во којашто патува”. Ова го разбирам во поширока смисла. Под зборот “земја” јас ја подразбирам оваа планета и овој социјален статус “каде што му се допаднало на Бог да ме повика”. Браќата на Розата и Крстот го потценуваа монашкиот или испосничкиот живот, затоа што можеби мислеле дека тој пат е кукавички, или барем признавање на слабоста.

Се сложувам. Човек треба да биде во можност да живее нормален живот како припадник на одредена класа, гледано според сите надворешни белези; барем доволно за да не изгледа како будалест ексцентрик.

Можеби, “Нека моите слуги бидат малубројни и тајни:. . . “, носи со себе ваква импликација. Но, условот за дозволување на толку очигледна лежерност е тоа дека треба да се биде брз и концизен како Троцки во која било слична ситуација.

Ако човековата фамилија се состоеше од разумни човечки суштества (а тие никогаш не се, таа воздивна), тогаш можеби и ќе можеше да им се објасни ситуацијата. “Ова мое Дело - вие не го разбирате, а ниту пак, има потреба да го разберете - е единствената битна работа во мојот живот. Мислам да бидам внимателна кон вашите чувства и не гледам причина зошто кариерата што ја одбрав би им наштетила на нашите односи. Има само една работа што

треба да се запомни: АКО и најмалку се посомневам дека ми се спротивставувате, ги осудувате моите планови, или се мешате на било кој друг начин, дури и со најдобри намери, ТОГАШ со еден удар ги прекинувам нашите врски, засекогаш“. “Ова е навистина многу добро од тебе, Светецу”, можеш да речеш, “но ти не си единствениот што треба да се земе во предвид, што е со Господарите? Дали нè држат со нарилник? Традицијата вели дека не е така”.

Ова зависи во целина од тебе. Ако си само обичен Аспирант, тогаш неколку дузини инкарнации, било како и да гледаш, не прават некоја голема разлика, во тој случај Тие веројатно воопшто нема да се вознемируваат за тебе. Со текот на вековите, Кармата ќе ги одмота превоите.

Меѓутоа, да претпоставиме дека си една од оние посебно избрани да извршат некоја неопходна операција според Нивните планови. Во тој случај, Патот се изминува со сосема различен пар чизми. И немој да мислиш дека и ти не си на него, само поради тоа што си во расположение на понизност. Во некои позиции пионот може да биде посилен и од Топ.

Како и да е, дури и да не си на него, можеш да почнеш денес. Тоа е една од оние работи што зависи само од тебе.

Ако веќе си дала погодна и адекватна Заклетва, тогаш добро; ако не, стори го тоа сега!

Каква Заклетва?

За да ја поминеш Безднага, мораш да се откажеш од “сè што имаш и од сè што си”. Оваа заклетва е безусловна: види ги деталите во *Визија и Глас*.

Но, сега засега толку многу не е ниту пожелно, ниту потребно, всушност, сега не можеш ни да го разбереш нејзиното вистинско значење.

Па затоа, засега, можеш да бидеш задоволна со една едноставна, разумна и разбирлива Заклетва: да посветиш “сè што имаш и сè што си” на служењето на Редот.

Предноста од ваквата постапка се гледа во тоа што Великиот Сметководител од Градот на Пирамидите веднаш го забележува тоа. Тој ја израмнува твојата сметка (Карма) и те запишува во Главната Книга за Готовина. Така, тој сре-

дува твоите грешки да се плаќаат на лице место, наместо вообичаениот кредитен систем, кој тече со векови. Предноста на *ова* е што знаеш зошто си казнета и веднаш ја учиш лекцијата.

Природно, овој процес понекогаш е многу болен; ако ништо друго, тогаш не ќе можеш да се залажуваш со илузиите за себе како великодушна, благородна, неразбрана светица, маченичка и херој.

Понекогаш агонијата е крајно неподнослива, а ова ти го тврдам од сопственото горчливо искуство. Мајсторите (или Господарите на Кармата, наречи ги како што сакаш: морам да ги употребувам овие смешни, романтични изрази за да можам воопшто да ја пренесам смислата), ја гледаат ситуацијата со апсолутна точност; Тие веднаш знаат дали она што си го направила предмет на жртвување, е навистина тоа за кое чувствуваш дека ќе те доведе до предавање. Верувај ми, тоа е потполно просејување, “со коешто тој целосно ќе го исчисти своето брашно”, кога Vannus Iacchi ќе ја придвижи мелницата.

Мојот став кон оваа работа е недвосмислено позитивен. Можеби сум помалку и фанатик, но верувам дека и ти ќе го имаш истиот став, поради твоето гнасење од “неразбирливоста”. Ако веќе сме одлучиле да се коцкаме, тогаш нема смисла да бидеме несмасни со коцките. Сè она што го прави контактот поцелосен, дејството поточно, визијата појасна, е добредојдено.

Промисленото заколнување и страсното придржување на ваква Заклетва, е најсигурниот метод за пристап кон Господарите. Ти насила ја отвораш портата на Нивниот храм; можеби нема да бидеш еден од нив, ама барем ќе спаѓаш во Нивната класа.

Само едно потсетување: да се преземат вакви Заклетви со некоја таква амбиција е полошо од бескорисно. Една од најдрагоцените придобивки што се стекнуваат вака е целосното отстранување на секое преправање.

Ова, исто така, е неописливо болно, на почеток. Сè дури процесот не започне, немаш ни најмала претстава за тоа како си се обвиткала со наслаги од лаги.

(Ваков е случајот со Балтијците; кога бебето се раѓа

го повиваат и додаваат крпа по крпа, без притоа да ги отстрануваат старите, сè додека возрасниот граѓанин на 40 години изгледа како бала ткаенина, а не како човечко суштество!) Смеам ли да додадам дека ќе бидеш шокирана? Ќе откриеш дека главните побуди на твојата личност ги сочинуваат најгрозни и најгнасни идеи, работи кои се буквално незамисливи за твојот нормален свесен систем!

Оние кои се навикнати на изолираност, секогаш на почетокот се зачудени и преплашени од забелешките на најдоблесните и најрафинираните дами; но тоа е само разлабавување на неколку површни обвивки, коишто се достапни за анестезија. Ваквите откритија не се ни 1/10 од 1% од морничавите ужаси што се откриваат со Самасати.

А сега тргни!

*Љубовта е закон, љубов под волја.*

Братски твој,

666

# 83

## *Epistola Ultima*

Cara Soror,

*Прави што ти е волја и тоа нека биде цел Закон.*

(I)

Сугестијата што ми ја даде во твоето последно писмо е многу разумна. Навистина мислам дека луѓето главно сакаат да добијат некаква претстава за мојот систем на тренинг како целина, во разбирлива форма. Во минатото имаше премногу упатувања на некои недостапни документи и на такви, кои веројатно не биле ни напишани. Не е ни чудо што тие заминуваа ожалостени. Па така, бидејќи ова е последното писмо од оваа серија, ќе се обидам да направам толку јасен и концизен приказ, колку што ми дозволуваат боговите, за она што треба да очекуваат да го направат за да остават добар впечаток кај Дедо. Се разбира дека не можам потполно да ги избегнам упатувањата на различните службени документи, но тоа ќе го направам на најкраток и на најзбиен можен начин.

Најпрвин, мојот систем може да биде поделен на два дела. Наизглед дијаметрално спротивни, но на крајот тие меѓусебно конвергираат и се помагаат еден со друг, додека пак, крајниот метод на напредок учествува подеднакво во двата елементи.

Од практични причини ќе го наречам првиот метод Магика, а вториот метод Јога. Спротивноста меѓу нив е многу јасна, бидејќи насоката на Магиката е потполно спрема надвор, додека кај Јогата е целосно кон внатре.

Прво ќе започнам со Магиката. Како го дефинирам овој збор?

Магиката е наука и уметност на предизвикување промени во согласност со волјата. (Очигледно тогаш сите научни методи можат да се вклучат во овој израз).

Морам да претпоставам во сè она што следува дека потполно си ја сфатила доктрината 0=2.

Секоја Магиска акција може да биде класифицирана со формулата на напредувањето од “0” до “2”; со други зборови ова е комплетна екстровертност.

Аспирантот Магичар се анализира себеси само со цел за да открие нови светови за освојување. Неговата прва цел е астралниот свет; неговото откривање, класификацијата на неговите жители и контролата над нив.

Затоа сите негови активности се посветени на откривањето на световите, кои ги опкружуваат (ако си избрала, или ако сакаш повеќе - кои се содржани во) предметите на сетилата. Ако во твојата градина има дрво, сакаш да откриеш дали во тоа дрво има вила и доколку има, како изгледа? Како се однесува? Како можеш да ја употребиш за своја цел? Тоа е, всушност, обичен секојдневен научен метод на истражување. Единствената разлика е во тоа што во текот на експериментот стануваме свесни за деловите на природата, кои се посуптилни и можеби помоќни, поблиски до реалноста, од оние кои ни ги разоткрива обичното научно истражување.

Меѓутоа, секако ќе забележиш дека квалитетите на научното испитување се идентични. Хемиските елементи кои го обликуваат дрвото се посуптилни, помоќни и поблиски до стварноста, отколку состојбата на дрвото, која им се претставува на сетилата.

Конечно доаѓаме до концепцијата за молекулите, атомите, електроните, протоните, неутроните итн., и во денешно време никому не треба да му се кажува колку неизмерна моќ лежи сокриена во атомот.

Уште повеќе, кога велам “посуптилна” тоа и го мислам. Анализата на материјата резултирала со извонредно откритие при што денешната дефиниција на физичарите е многу слична со дефиницијата за духот која е поставена од средновековните мистици.

Анри Поанкаре[1] убаво укажа дека резултатите од научните експерименти, какви што ги познаваме денес, во секој поглед се зависни од постоењето на нашата лична природа. Ако, на пример, не би имале други сетила да употребиме во истражувањето освен слухот, тогаш би направиле потполно различна класификација за дрвјата од онаа што сега ја поседуваме. Ќе моравме да ги учиме нашите студенти како да ги разликуваат звуците од дејствувањето на бурата врз дабот или брестот; разликите во шуштењето на различните видови на треви итн.

На сличен начин, резултатите од нашите магички експерименти природно и нужно се многу различни од оние, кои ги постигнуваме со вообичаените методи.

На почеток, мораме да изградиме апарат за испитување и тоа го правиме со откривање и развивање на квалитетите во нашата сопствена структура, која е соодветна за одредена цел.

Првиот чекор е одвојувањето на (она што од практични причини го нарекуваме) астралното тело од физичкото тело. Со текот на нашиот експеримент откриваме дека самото астрално тело може да се подели на погруби и посуптилни компоненти. На тој начин ние стануваме свесни за постоењето на она што од практични причини го нарекуваме Светиот Ангел Чувар и колку повеќе ги сфаќаме последиците од теоријата за егзистенцијата на едно такво суштество, толку појасно ни станува дека наша највисока задача е да се воспостави блиска комуникација со него.

Така, ќе најдеме дека во предметот што го испитуваме со сетилата има елементи, кои се противат на нашето испитување. Мораме да се издигнеме на ниво во кое постигнуваме комплетна контрола над нив.

Понатаму, во текот на експериментот наоѓаме дека многу од привидните разлики на нашето учење имаат сокриено единство и vice versa. Како и во секоја друга наука,

---

[1] прев. Henry Poincare - Француски математичар (Нанси 1854 - Париз 1912). Централна улога во неговите дела зазема теоријата за диференцијалните равенки и нивната употреба во математичката физика и механиката. Тој може да биде сметан како основач на алгебарската топологија.

колку повеќе се продолжува работата, толку повеќе се зголемуваат предметот и темата на истата.

За аналогија да земеме едноставна работа, како што е Математиката. Борбата на ученикот со таблицата на множење е многу рудиментирана слика на напредниот математичар кој решава диференцијална равенка.

Од горното би требало да ти биде јасно дека кажав сè што требаше да се каже за да се објасни сржта на Магиката, како наука и уметност за проширување; прво во нас на нашите способности, и второ во скриените карактеристики од надворешната природа.

Пред да ја затворам темава, мислам дека е добро да се укаже на постоењето на многуте светови во кои останува да се изврши многу работа. Особено не можам да се воздржам, а да не ја споменам работата на Др. Ди и Сер Едвард Кели. Мојата работа на овој предмет е толку опсежна и разработена што никогаш нема доволно да жалам што немав можност да ја довршам, но би сакал да нагласам дека добивањето на книга како *Liber 418* е извонредно постигнување кое треба да служи како охрабрување за сите Магичари.

Во случајот со различните системи, особено оној на Абрамелин, потоа Големите и Малите клучеви на Соломон, Пјетро ди Абано, Корнелиус Агрипа, имаме совршено адекватни информации за методите, но и многу штури примери за резултатите, особено во техничкиот аспект на работата.

Морам да заклучам со предупредување. Многу од овие гранки на Магиката се толку фасцинантни, што било која од нив може да го заведе Магичарот да се посвети само на неа и потполно да си ја наруши рамнотежата. Никогаш не смее да се заборави ниту за еден миг, дека централна и основна работа на Магичарите е достигнувањето на Знаење и Разговор со Светиот Ангел Чувар. Еднаш, штом тој ќе го постигне ова, мора да се препушти потполно на рацете на тој Ангел, кој може сигурно и неизбежно да го води кон понатамошниот голем чекор - преминувањето на бездната и постигнувањето на степенот Мајстор на Храмот.

Се што е различно од оваа насока е споредно и ако не се смета за такво може да доведе до комплетно уривање на целата работа од Магичарот.

II

Другиот дел од ова писмо, кое изгледа дека се проширува во некој вид на краток есеј, ќе биде посветен на Јогата. Ќе забележиш дека степенот Мајстор на Храмот е блиску поврзан со Јогата. Кога ќе се достигне ова ниво, наизглед спротивставените форми на Големото Дело, Магиката и Јогата, почнуваат да се зближуваат, иако дури и порано во текот на работата мора да биде забележано, дека постигнувањата во Јогата биле од неизмерна помош за магиските операции; и многу од менталните состојби, кои се неопходни за развојот на Магичарот се идентични со оние, кои се достигнуваат во текот на строго техничките операција на Јогата.

Литературата, што е неопходна за студирање на Магиката е некако шаренолика; постојат поголем број на класици за Магиката и иако би ми било многу лесно да составам листа не поголема од дузина книги, што ги сметам за вистински неопходни, сепак постојат повеќе од стотина наслови, кои се во поголема или помала, дополнителна форма корисни за Магичарот. Случајот е различен со Јогата. Литературата за неа е толку голема и содржи голем број, повеќе или помалку тајни документи, кои кружат од рака на рака, така што верувам дека најдобар совет што можам било кому да му го дадам е многу штедливо да го сече својот штоф ако сака да направи соодветен костум. Не мислам дека претерувам ако кажам дека Дел I од *Книга 4* и моите *Осум Лекции за Јога* се апсолутно доволен водич за корисна пракса во Јогата; било што друго, речиси сигурно дејствува како пречка.

Свами Вивекананда накратко ја прикажал Јогата во четири дела и мислам дека таа класификација не може да се подобри. Тие се: Џана, Раџа, Бакти и Хата и ги опфаќаат сите разгранувања што се пожелни. Штом почнат да се додаваат такви секции како Мантра Јога, тие додатоци не ја збогатуваат класификацијата, а кога еднаш ќе почнеш да додаваш, каде ќе запреш?

Но, јас искрено верувам дека прекумерното упростување кое е дадено во *Осум Лекции за Јога* има практична предност. Секој вид на Јога е работа, која трае до крајот на

животот и само поради таа причина пожелно е да се потчиниш на апсолутно едноставна програма.

Која е тогаш разликата помеѓу Јогата и Магиката? Магиката е екстровертна, откривање, а подоцна и класифицирање и конечно контрола на нови светови, на нови нивоа. Сè додека се занимава со развојот на умот, нејзиниот предмет и метод се совршено едноставни. Егзалтацијата е она што се бара. Целта е да се идентификуваш со највисоката есенција од било кој свет што се разгледува.

Што се однесува до Јогата можеш лесно да се лизнеш и да речеш дека е идентична на тоа, со исклучок што новите светови отпочеток се признаени како веќе постоечки во составот на човечкиот космос, но од никого не се бара да ги прошири овие светови на кој било начин; напротив целта е што поголемо анализирање, а контролата до која се доаѓа, не е надворешна туку внатрешна. Цело време човек се концентрира на идејата на поедноставување. Препознавањето на било која нова идеја или форми на идеи, секогаш е сигнал за нејзино отфрлување: “не тоа, не тоа”.

Ова објаснување може да се поедностави со конструирање на некој вид мисловна реченица; Магиката е патување од 0 до 2, а Јогата од 2 до 0. Многу добро правило за секој Јогин е да го држи својот ум постојано прикован за фактот дека секоја идеја е лажна. Всушност, има Хиндуистичка поговорка “Она што може да биде помислено, не е вистинито”. Според тоа, постоењето на која било идеја во умот е непосредно нејзино побивање, но истовремено лажни се и спротивностите, како и противречностите на таа идеја; резултатот од ова е разбивање на парчиња на вториот закон на формалната логика.

Така се доаѓа до еден вид на верижен силогизам - А е Б и оттука А не е Б; затоа не-А е не-Б; и сите овие спротивни констатации се подеднакво лажни, но за да се сфати овој факт тие мораат самите да бидат најавени од страна на умот како екстатични откритија на вистината.

Како резултат на сето ова природно е тоа дека умот многу брзо станува дискредитиран инструмент и се достигнува до потполно различен и многу поегзалтиран тип на ум, а истата разорна критика, која беше применета на

претходната свест се применува подеднакво и на оваа виша свест, при што се постигнува уште повисока свест, која повторно на ист начин се урива.

Во *Рамнодневица*, Том I има есеј кој е наречен *Војник и Грбавко: ! и ?*. Исто така, во *Liber Aleph* постојат неколку поглавја за достигнувањето преку она што се нарекува Метод на Скали.

Сите вакви операции се подеднакво и правилни и неправилни, и резултатот од сето ова е дека целиот предмет на Јогата води кон константно зголемување на конфузијата. Префинетоста на аналитичкиот инструмент се чини дека ја урива сопствената причина за постоење и веројатно поради ова признание во својата најдлабока свест чувствував дека методот на Магиката во целина е помалку опасен од методот на Јогата. Особено ова е случај кога се расправа за овие теми со западњачки ум.

Вистина е дека формулата 0=2 останува безгранично корисна, бидејќи е многу силна во уривањето на скептицизмот, кој често е обесхрабрувачки, особено во највисоките области на Магиката. Критицизмот што непријателот го упатува кон твојата, од Сонцето обљубена кула, е одбиен од блескавите ѕидови. Ти го прифаќаш критицизмот истовремено, како што го отфрлаш со смеа.

Затоа, гледано во целина, јас продолжувам да ја сметам дисциплината на Јогата како нејзина највредна карактеристика. Резултатите што се постигнати кога истрајуваме до крај со Јогата по нивното прикажување се без вредност, додека достигнувањето во Магиката, колку и да е возвишено, сè уште е имуно на сите критики и во секој период на својата изградба совршено е наклонето кон нормалната свест на човекот.

Во тој поглед, некој може со насмевка да напомене дека најдобрите резултати од Јогата, всушност, се димна завеса исфрлена од бојниот брод за самозаштита.

Може да ти се чини чудно што гледаш како клатното сè повеќе сениша кон Магиката, додека го читаш ова писмо. Не знам зошто мора да биде така, но дека тоа е така, воопшто, не се сомневам. Сега потполно јасно гледам дека од своите први почетоци Јогата е подложна да го води умот

во состојба на збрка и иако за секоја таква состојба самата Јога има потребни лекови, некој може да се запраша дали е навистина мудро да се започне со аксиоми и постулати кои се сами по себе опасни. Целото спорно прашање може да биде изразено како диференцијална равенка. Нејзините криви линии стануваат идентични дури во бесконечноста и барем јас не се сомневам дека кривата на Магиката има попријатна патека од кривата на Јогата.

Да земеме само еден пример: очигледно е посигурно да го имаме својот злобен демон надвор од себе.

Додека го пишував ова ми стана јасно дека е токму така, но не сакам да помислиш при проучувањето на ова дека сум ја омаловажил Јогата. Би сакал да укажам дека Јогата ѝ е нужно потребна на Магиката, иако постоеле многу големи Магичари, кои не знаеле ништо за Јогата, сепак, уверен сум како и порано дека, само по себе, практикувањето на Јогата е голема помош за Магичарот на неговата јасна патека, единствено додавајќи дека треба да се чува од логичните антиномии, кои се својствени за Јогата, да не го одвратат или обесхрабрат на неговиот правилен пат.

*Љубовта е закон, љубов под волја.*
Братски твој,
666

## ТЕЛЕМИТСКИ КНИГИ

КНИГА 4 , ДЕЛ I - Концизна и јасна расправа за Јога и мистицизам.

КНИГА 4, ДЕЛ II - Воведна расправа за практиката на Магиката.

КНИГА НА ЛАГИ, - Која исто така е наречена “Прекини” Оваа книга расправа за многу работи на сите нивоа, кои се од најголема важност

СОБРАНИ ДЕЛА

Овие дела содржат многу мистични и магиски тајни кои, истовремено, се изнесени во форма на проза и исткаени во Рув о од највозвишена поезија.

ДНЕВНИКОТ НА УЖИВАТЕЛОТ СО ДРОГА - Вистинска сторија за зависници од дрога кои беа излечени од нивната зависност со помош на строг режим и постојано водство од Мајстор.

РАМНОДНЕВИЦА
Том I, Бр. 1 - 10
Том III, Бр. 1

Содржи огромен број на разновидни официјални публикации, ритуали, расправи итн. Исто така има и посебни Додатоци, како што се; “Визија и Глас”; преводот на Елифас Леви “Клуч на Мистериите”; Сефер Сефирот; “Гласот на Тишината” од Х.П. Блаватска со коментар на Фра. О.М., итн, итн.

Том III, 3 - *Рамнодневица на Боговите.*
Том III, 4 - *Осум Лекции за Јога* - најтемелна книга напишана за предметот на Јогата.
Том III, 5 - *Книга на Тот* - мајсторско дело за Египетскиот Тарот, со Додатоци и цртежи на потполно нов шпил на Тарот карти,

насликани од Фрида Харис.
ГОЕЦИЈА - Најразбирлива од средновековните ритуали на Евокација. Ја содржи, исто така и омилената Инвокација на Мајстор Терион.

СРЦЕТО НА МАЈСТОРОТ - Возвишено ремек дело кое опишува визија што се случила на Светиот Рид на Сиди Боу Саид.

KONX OM PAX - Четири непроценливи расправи со предговор за мистицизмот и Магиката.
LIBER ALEPH - *Книга на Мудроста или Лудоста*. Оваа книга содржи некои од најдлабоките тајни на иницијацијата, како и јасно решение на многу космички и етички проблеми.
LIBER ARARITA - Оваа книга со магиски јазик опишува многу таен процес на иницијација.
LIBER CORDIS CINCTI SERPENTE - *Книга на Срце Обвиено со Змија*: приказ на Аспирантот и неговиот Свет Ангел Чувар.
LIBER 418 - ВИЗИЈА И ГЛАС - За првпат објавена во *Рамнодневица I, 5*. Нова публикација беше издадена дополнително со целосниот текст, Вовед и проширен Коментар од Мајстор Терион.
LIBER LEGIS - КНИГА НА ЗАКОНОТ - Оваа книга е основа на Новиот Еон, па според тоа и на целокупното Дело.
LIBER VII - КНИГА LAPIS LAZULI - Дава приказ, со магиски јазик, на иницијацијата од Мајсторот на Храмот. За убавината на екстазата, таа е единствена паралела на *Книгата на Срцето Обвиено со Змија*.
LIBER TRIGRAMMATON - Го прикажува текот на Создавањето преку приказ на меѓуигра од Три Принципи. Книгата соодветствува на *Станзите од Ѕиан (Stanzas of Dzyan).*
МАЛИ ЕСЕИ КОН ВИСТИНАТА - LITTLE ESSAYS TOWARD TRUTH
(Претходно насловена како *Виното од Гралот*). Збирка од 17 Есеи кои претставуваат комплетен систем на инцијација.

МАГИКА ВО ТЕОРИЈА И ПРАКСА - Комплетно дело за Магиката со Додатоци, најважните колони од *Liber 777*, итн.

LIBER 777 - Комплетен речник со кореспонденциите на сите магиски елементи. Она што е Вебстер за Англискиот јазик тоа е *Liber 777* за окултниот.